Лена Ничевска
Владо Аврамовски

# П Р И Р А Ч Н И К
# ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВА ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА И ДЕТСКАТА ЗАШТИТА

Organization for Security and Co-operation in Europe
Mission to Skopje

МТСП

Organization for Security and Co-operation in Europe
Mission to Skopje

МТСП

**Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.**

**Авторски права:**
**Мисијата на ОБСЕ во Скопје**
**Октомвриска Револуција бб**
**Скопје**
**www.osce.org/skopje**

# П Р И Р А Ч Н И К

# ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВА ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА И ДЕТСКАТА ЗАШТИТА

**Изготвувачи:**
**Лена Ничевска, Раководител на сектор**
**во Министерството за труд и социјална политика**
**и**
**Владо Аврамовски , Државен советник**
**во Министерството за труд и социјална политика**

НОЕМВРИ, 2011 година

# СОДРЖИНА

I. ЦЕЛ НА ПРИРАЧНИКОТ 11

II. ПРАВНА РАМКА 14
II-1. Закони 14
II-2. Правилници 14

III.ВОВЕД 19

IV. УСЛУГИ И МЕРКИ ОД СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА 22
IV-1 Социјална превенција 22
IV-2. Вонинституционалната заштита опфаќа право на: 22
IV-3. Институционална заштита 22
IV-4. Права на парична помош од социјална заштита 22

V. ПРАВА ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА 26
V. 1. Социјална парична помош 26
V.1.1 Вовед 26
V.1.2. Опис на правото на социјална парична помош 26
V.1.3. Постапка и начин на остварување на правото и потребна документација 26
V.1.4. Висина на правото 27
V.1.5 Рокови за остварување на правото и престанок на правото 27
V.1.6. Постапка по жалба 28
V.1.7. Новини значајни за сите права од Законот за социјална заштита во постапка по жалба 28
V. 2. Право на постојана парична помош 33
V.2.1 Вовед 33
V.2.2 Опис на правото на постојана парична помош 33
V.2.3.Постапка и начин на остварување на правото и потребна документација 33
V.2.4. Висина на правото 34
V.2.5. Рокови за остварување на правото и престанок на правото 34

V. 3. Паричен надоместок за помош и нега од друго лице 36
V. 3.1. Вовед 36
V. 3.2. Опис на правото за помош и нега од друго лице. 36
V. 3.3. Постапка и начин на остварување на правото и потребна документација 36
V. 3.4.Висина на правото 36
V. 3.5.Рокови за остварување на правото и престанок на правото 37
V. 4. Право на парична помош на лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа 40
V. 4.1.Вовед 40
V. 4.2.Опис на правото парична помош на лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа 40
V. 4.3. Постапка и начин на остварување на правото и потребна документација 40
V. 4.4. Висина на правото 41
V. 4.5. Рокови за остварување на правото и престанок на правото 41
V.5. Еднократна парична помош и помош во натура 42
V. 5.1. Вовед 42
V. 5.2. Опис на правото еднократна парична помош и помош во натура 42
V. 5.3. Постапка и начин на остварување на правото и потребна документација 42
V. 5.4. Висина на правото 43
V. 5.5. Рокови за остварување на правото и престанок на правото 44
V. 6. Други парични права од социјалната заштита 46
V.6.1. Вовед 46
V.6.2. Право на парична помош на мајка која родила четврто дете 47
V.6.3. Надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот. 47
V.6.4. Право на социјално домување. 47
V.6.5. Право на здравствена заштита 48
V.6.6. Додаток за слепило и мобилност 49
V.7. Дискриминација во остварување на право од областа на социјалната заштита 49
V.7.1. Вовед 49
V.7.2. Директна дискриминација 50
V.7.3. Индиректна дискриминација 50
V.7.4. Заштита од дискриминација 50

VI. ПРАВА ОД ОБЛАСТА НА ДЕТСКАТА ЗАШТИТА 58
VI.1. Право на детски додаток 58
VI.1.1. Вовед 58
VI.1.2. Опис на правото детски додаток 58
VI.1.3. Постапка и начин на остварување на правото и потребна документација 59
VI.1.4. Висина на правото 59
VI.1.5. Рокови и престанок на правото 60
VI.1.6.Постапка по жалба 60
VI.2. Право на Посебен додаток 66
VI.2.1. Вовед 66
VI.2.2 Опис на правото на посебен додаток 66
VI.2.3 Постапка и начин на остварување на правото и потребна документација 66
VI.2.4. Висина на правото 66
VI.2.5. Рокови и престанок на правото 66
VI.3. Право на помош за опрема на новороденче 69
VI.3.1. Вовед 69
VI.3.2 Опис на правото помош за опрема на новороденче 69
VI.3.3 Постапка и начин на остварување на правото и потребна документација 69
VI.3.4. Висина на правото 69
VI.3.5. Рокови и престанок на правото 69
VI.4. Родителски додаток за трето дете 73
VI.4.1. Вовед 73
VI.4.2. Опис на правото Родителски додаток за трето дете 73
VI.4.3. Постапка и начин на остварување на правото и потребна документација 73
VI.4.4. Висина на правото 74
VI.4.5.Рокови и престанок на правото 74

VII. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА 82

VIII. МЦСР- КОНТАКТИ 84




П Р И Р А Ч Н И К ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВА ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА И ДЕТСКАТА ЗАШТИТА

# ЦЕЛ НА ПРИРАЧНИКОТ

# I. ЦЕЛ НА ПРИРАЧНИКОТ

Прирачникот е наменет пред се за вработените во РИЦ-овите со цел да биде корисна алатка преку која ќе се обезбеди еднаквост и достапност на корисниците од Ромската заедница до процесот за остварување права од социјалната и детската заштита.
Истиот е изработен со цел да креира заеднички пристап на сите учесници во процесот за остварување права од социјална и детска заштита (РИЦ и корисници на права),да го подобри разбирањето за процесот на остварување права и да обезбеди детали за процесот на остварување на правата од областа на социјалната и детската заштита.
Прирачникот има за цел да ги идентификува сите активности кои треба да се извршат во рамките на процесот и да обезбеди успешна организација и координација за реализирање на активностите на РИЦ во остварување на правата, да обезбеди документираност на процесот на остварување на права,оправданост и транспарентност на процесот како и да обезбеди законитост, навременост, комплетност и точност на процесот на остварување на правата од областа на социјалната и детската заштита.

# ПРАВНА РАМКА

# II. ПРАВНА РАМКА

## II-1 . ЗАКОНИ

- Закон за социјална заштита (Службен весник на РМ бр. 79/2009 , 36/2011 и 51/2011)
- Закон за заштита на децата(Службен весник на РМ бр.170/2010) (Пречистен текст)

## II-2 .ПРАВИЛНИЦИ

### II.2.1. Правилници донесени согласно со Законот за социјална заштита

- Правилник за начинот на остварување и користење на правото на социјална парична помош (Службен весник на РМ, бр. 146/09)
- Правилник за начинот и условите за остварување право на паричен надоместок за помош и нега од друго лице (Службен весник на РМ бр. 122/2009)
- Правилник за начинот на остварување на правото на постојана парична помош (Службен весник на РМ, бр.146/09)
- Правилник за начинот на утврдување на состојбата на приходите, имотот, имотните права и потребната документација за остварување на правото на парична помош на лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа (Службен весник на РМ, бр. 122/09)
- Правилник за начинот на остварување на правото на еднократна парична помош и потребна документација за остварување на ова право(Службен весник на РМ бр. 122/09)
- Правилник за начинот на определеување на носителот на правото на социјална парична помош, прикажување на приходите на лице, семејство или домаќинство при поднесување на барање за остварување на правото и потребната документација за потврдување на состојбата на приходите (Службен Весник на РМ, бр.103/07)
- Правилник за начинот на остварување на правото на парична помош за социјално домување за лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, односно по престанување на старателството, а најмногу до 26 години возраст(Службен весник на РМ бр. 54/2010)
- Правилник за надомест на плата за скратено работно време поради нега на хендикепирано дете (Службен весник на РМ бр. 53/98)
- Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за донесување на решение од директорот на Центарот за социјална работа(Службен весник на РМ бр. 95/2011)

### II.2.2. Правилници донесени согласно со Законот за заштита на децата

- Правилник за поблиските услови, критериуми и начинот на остварување на правото на еднократна парична помош за новороденче и на правото на родителски додаток за дете (Службен весник на РМ бр. 163/08)
- Правилник за изменување и дополнување на правилникот за поблиските услови, критериуми и начинот на остварување на правото на еднократна парична помош за новороденче и на правото на родителски додаток за дете (Службен весник на РМ бр34/09)





П Р И Р А Ч Н И К ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВА ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА И ДЕТСКАТА ЗАШТИТА

# ВОВЕД

# III.ВОВЕД





Законот за социјалната заштита го уредува системот и организацијата на социјалната заштита, правата од социјалната заштита, финансирањето и постапката на остварување на правата од социјалната заштита .

Социјалната заштита е систем на мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот, за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита. Под социјален ризик се подразбираат:

-ризици по здравјето(болест, повреда и инвалидност)
-ризици на старост и стареење
-ризици на еднородителско семејство
-ризици од невработеност, губење на приход за издржување по основа на работа и слично
-ризици од сиромаштија и
-ризици од друг вид на социјална исклученост.

Законот за заштита на децата утврдува дека заштитата на децата е организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите и на државата за планирање на семејството, обезбедување услови и животен стандард што одговара на физичкиот, менталниот, емоционалниот, моралниот и социјалниот развој на децата и обврските на државата во создавањето на услови за водење на хумана популациона политика, давање соодветна материјална помош на родителите според можностите на државата за издржување, подигнување, грижа и заштита на децата и организирање и обезбедување на развој на установи и служби за заштита на децата.
Заштита на децата се остварува преку обезбедување на определени права и облици за заштита на децата.

П Р И Р А Ч Н И К ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВА ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА И ДЕТСКАТА ЗАШТИТА

# УСЛУГИ И МЕРКИ
# ОД СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

# IV. УСЛУГИ И МЕРКИ ОД СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

## IV-1 СОЦИЈАЛНА ПРЕВЕНЦИЈА

За остварување на социјалната превенција, се преземаат мерки за спречување на настанување на социјален ризик за граѓанинот, семејството или група на население особено преку:

- едукативно-советувалишна работа,
- развивање на формите на самопомош,
- волонтерска работа со лично ангажирање и
- примена на други методи кои соодветствуваат на потребите на корисниците на социјална заштита.

## IV-2. ВОНИНСТИТУЦИОНАЛНАТА ЗАШТИТА ОПФАЌА ПРАВО НА:

- Прва социјална услуга на корисници на социјална заштита
- Помош на поединец
- Помош на семејство
- домашна нега и помош на поединец и семејство
- дневно и привремено прифаќање и згрижување како помош на поединиц и семејство
- сместување во згрижувачко семејство
- сместување во мал групен дом и
- организирано живеење со поддршка
-

## IV-3. ИНСТИТУЦИОНАЛНА ЗАШТИТА

- Право на оспособување за работно- производна активност
- Право на сместување во установа за социјална заштита

## IV-4. ПРАВА НА ПАРИЧНА ПОМОШ ОД СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

- социјална парична помош
- постојана парична помош
- парична помош на лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа
- парична помош на мајка која родила четврто дете
- паричен надоместок за помош и нега од друго лице
- еднократна парична помош и помош во натура





- надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот
- парична помош за социјално домување
- право на здравствена заштита и
- Додаток за слепило и мобилност

П Р И Р А Ч Н И К ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВА ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА И ДЕТСКАТА ЗАШТИТА

# ПРАВА ОД ОБЛАСТА
# НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

# V. ПРАВА ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

## V. 1. СОЦИЈАЛНА ПАРИЧНА ПОМОШ

### V.1.1 Вовед

Согласно Законот за социјална заштита за материјално необезбедено се смета лице и домаќинство кое остварува приходи по сите основи пониски од износот на социјалната парична помош, утврден со законот за социјална заштита и кое не поседува имот и имотни права од кои може да се издржува.

### V.1.2. Опис на правото на социјална парична помош

Право на социјална парична помош има лице способно за работа и домаќинство, материјално необезбедено и кое според други прописи не може да обезбеди средства за егзистенција.
Како домаќинство законот подразбира заедница на членови на семејството и други роднини меѓу кои не постои законска обврска за меѓусебно издржување , кои заеднички придонесуваат , стопанисуваат и трошат.
Лице кое е на издржување на казна затвор подолго од 30 дена или сместено во згрижувачко семејство во установа за социјална или друга установа со решение на центарот за социјална работа, не се смета за член на домачинството за тој период.

### V.1.3. Постапка и начин на остварување на правото и потребна документација

Подносителот на барањето за остварување на **право на социјална парична помош** до Центарот за социјални работи на подрачјето на кое има живеалиште, за себе и членовите на домаќинството приложува:

1. фотокопија на важечка лична карта за државјани на Република Македонија, дозвола за постојан престој на странецот, фотокопија од лична карта за признат бегалец или фотокопија на лична карта за лице под хуманитарна или (односно) супсидијарна заштита;
2. фотокопија на извод од матичната книга на родените;
3. фотокопија на извод од матичната книга на венчаните;
4. фотокопија на извод од матичната книга на умрените (матична служба при Министерството за внатрешни работи);
5. фотокопија на пресуда за развод на брак;
6. уверение дали лицето е даночен обврзник од имот или приходи;
7. имотен лист од катастар;
8. потврда за остварени приходи од плата во Република Македонија или странство;
9. потврда за корисник на пензија (остварена во република Македонија или странство);
10. потврда од Агенција за вработување на Република Македонија, за невработени членови во семејството;
11. потврда за поседување регистрирано моторно возило кое не го отуѓил во последните шест месеци пред поднесување на барањето, возило употребливо за комерцијални цели (комбе, автобус, камион, такси);

Исто така подносителот на барањето со писмена изјава пред Центарот потврдува дали остварува и други приходи (од привремена работа во странство, штеден влог и камати од заштеди, поседување и приходи од хартии од вредност).



### V.1.4. Висина на правото

Висината на социјалната парична помош за носителот на правото изнесува 2.140 денари.
За секој следен член на домаќинството основицата се зголемува за коефициент 0.37, а најмногу до пет члена:

- за двочлено домаќинство 2.979 денари
- за тричлено домаќинство 3.783 денари
- за четиричлено домаќинство 4.585 денари
- за петтчлено домаќинство 5.393 денари

### V.1.5 Рокови за остварување на правото и престанок на правото

**Рокови**

Носителот на правото на социјална парична помош е должен да ја потврди состојбата на месечните приходи за себе и сите членови во домаќинството, при поднесувањето на барањето и во текот на користењето на правото **(секој месец се потпишува во Центарот**). Ако носителот не го направи тоа секој месец правото на социјална парична помош престанува и не може да се оствари **во наредните шест месеци**.

**Престанок на правото**

На лицето кое остварило право на социјална парична помош му престанува правото на социјална парична помош ако се утврди дека дало нецелосни или невистинити податоци за семејната и материјалната состојба, како и за состојбата со имотот и имотните права, или не извести за настанатата промена во материјалната, семејната и имотната состојба за себе и членовите на домаќинството. Во таков случај во решението за престанок на правото се определува дека правото не може да се оствари во наредните **12 месеци**.
Корисниците на социјална парична помош можат да бидат работно ангажирани за извршување на јавни работи до пет дена во месецот и за извршување на сезонски работи и други повремени работи од градоначалникот на единицата на локалната самоуправа освен пензионер, жена за време на бременост, млади мајки до девет месеци породилно отсуство, ученик, студент итн.
Ако корисникот на социјална парична помош неоправдано го одбие работното ангажирање ќе се исклучи од користењето на правото на социјална парична помош во наредните 12 месеци(семејството, домаќинството ќе продолжи да прима без него).


ПРИРАЧНИК ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВА ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА И ДЕТСКАТА ЗАШТИТА

### V.1.6. Постапка по жалба

Незадоволната странка против решение на центарот за социјална работа по барање за остварување на било кое право од законот за социјална заштита има право на жалба до министерството за труд и социјална политика.
Министерот во постапка по жалба против решението на центарот е должен да донесе решение во рок од 60 дена од денот на поднесување на жалбата.
Жалбата се поднесува преку центарот за социјална работа на подрачјето на кое живее подносителот до Министерството за труд и социјална политика. Жалбата треба да содржи елементи како што се: органот до кого се доставува жалбата, број на решение против кое се поднесува жалбата , име и презиме и место на живењее на подносителот, основот поради кој се оспорува решението (погрешно или нецелосно утврдена фактичка состојба и повреда на материјалното право) да се приложат нови факти и докази ако ги има кој би биле основ за поинакво одлучување во втор степен , дата и потпис на подносителот . Жалбата се изготвува во два примероци од кој еден за центарот а еден за подносителот на кој задолжително ќе се стави приемен штембил со број и дата дека истата е уредно заведена и примена во писарницата на центарот. Ако жалбата се праќа по пошта задолжително се доставува со препорачана пратка како подносителот би имал доказ дека истата е уредно поднесена.
Против донесено решение од министерот за труд и социјална политика, незадоволната странка може да се поднесе тужба до Управениот Суд на РМ во рок од 30 дена од приемот на решението.

### V.1.7. Новини значајни за сите права од Законот за социјална заштита во постапка по жалба

За остварување на правата од социјална заштита и тоа за остварување право на, социјална парична помош, постојана парична помош, парична помош на лице кое до 18 години имало статус на дете без родители и родителска грижа, парична помош на мајка која родила четврто дете, паричен надоместок за помош и нега од друго лице, еднократна парична помош и помош во натура, надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот, парична помош за социјално домување, право на додаток за слепило и мобилност, сместување во згрижувачко семејство, мал групен дом, организирано живеење со поддршка, установа за социјална заштита Центарот за социјална работа е должен да донесе решение во рок од 60 дена од денот на поднесувањето на барањето со потребната документација.
По истекот на овој рок подносителот на барањето во рок од 3 работни дена има право да поднесе барање за донесување решение до директорот на центарот. Директорот на центарот е должен во рок од 5 дена од приемот на барањето да донесе решение со кое барањето ќе го уважи или ќе го одбие барањето . Ако директорот во рок од 5 дена не донесе решение подносителот може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена. ДУИ е должен во рок од 10 дена да изврши надзор во центарот дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од 3 работни дена од извршениот надзор да го информира подносителот на барањето.
Согласно Правилникот за формата и содржината на ***образецот на барањето* за донесување решение** од директорот на центарот за социјална работа (Службен весник на РМ бр. 95/2011) кој влегува во сила на **30.09.2011** година и согласно кој барање за донесување решение од страна на директорот на центарот за социјална работа заради не донесување на решение по поднесено барање во рокот утврден во членот 197 од Законот за социјална заштита(60 дена за сите парични права ) директорот е должен во рок од 5 дена од приемот на барањето да донесе решение по поднесеното барање со кое барањето го уважува врз основа на кое странката ќе го оствари правото утврдено во членот 1 на Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за донесување решение од директорот на центарот за социјална работа или ќе го одбие барањето .
**Напомена: Овие правила за роковите влегуваат во сила од 30.09.2011 година.**

**Види пример 1. Образец на барање за СПП- БСП-1**
**Види пример 1.А - жалба на решение страна 31**
**1.Б - тужба до управен суд страна 32**



П Р И Р А Ч Н И К ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВА ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА И ДЕТСКАТА ЗАШТИТА

**Пример 1. образец на барање за БСП-1**

Образец БСП-1

До
ЈУ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ____________________

**Б А Р А Њ Е**
за остварување право на социјална парична помош

од ______________________________________________

со ЕМБГ /__/__/__/__/__/__/__/__/__/__/__/__/__/ со стан на ул. ____________________

бр. ________ во ______________________, со лична карта бр. ____________

издадена на ________________ година од Управата на МВР ______________________.

Барам да ми се додели право на социјална парична помош.

Кон ова барање ги приложувам следните документи:

1. Фотокопија на лична карта или лична карта за странец со постојан престој;
2. Фотокопија на Извод од матичната книга на родените;
3. Фотокопија на Извод од матичната книга на венчаните;
4. Фотокопија на Извод од матичната книга на умрените (матична служба при Министерството за внатрешни работи);
5. Фотокопија на пресуда за развод на брак;
6. Уверение дали лицето е даночен обврзник од имот или приходи;
7. Имотен лист од катастар;
8. Потврда за остварени приходи од плата во РМ или странство;
9. Потврда за корисник на пензија (остварена во РМ или странство);
10. Потврда од Агенција за вработување на Република Македонија, за невработени членови во семејството;
11. Невработено лице кое не е во евиденција во Агенцијата за вработување на Република Македонија приложува листа за регистрирани податоци за остварен стаж;
12. Пресуда за определена законска издршка;
13. Потврда за поседување регистрирано моторно возило кое не го отуѓил во последните 6 месеци пред поднесувањето на барањето, возило употребливо за комерцијални цели (комбе, автобус, камион, такси), комбајн; и
14. Потврда за редовен студент.

Изјавувам дека податоците внесени во ова барање и во моите писмени и усмени изјави, дадени во постапката пред Центарот за социјална работа, се точни и вистинити и за тоа одговарам материјално и кривично.

Шифра /__/__/ /__/__/__/

Прилози: ____________
на ______________ година

Подносител,
____________

**Пример 1.А - жалба на решение**



**ПРЕКУ**
**ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА**
__________
**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА СКОПЈЕ**

**Ж А Л Б А**

**Од ______________________ Ул„_______________„ бр.____ Скопје**
**ПРОТИВ: Решение на ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа на град Скопје бр. _______/1 од ____________ година.**

**Во законски рок ја поднесувам жалбата поради погрешно утврдена фактичка состојба со горе цитираното решение со кое ми престанува правото на ___________________(се наведува правото пример:паричен надоместок за помош и нега од друго лице/или било кое друго право согласно ЗСЗ ).**
**На ____________ година Центарот за социјална работа _________ или стручна комисија донесе решение со кое ми престанува правото____________ поради___________________.**
**Пример: се објаснува конкретниот настан_____________________ или пример со текст:<u>Комисијата за туѓа нега дојде да ме посети во мојот дом со комплетната документација, јас поради епилептични напади лежев и ми рекоа дека се дојдени за контрола на приложените документи да утврдат дали се уште постои потреба од остварување на ова право.</u>**
**По извесно време на ден _________ година добив решение со кое ми е укинато правото ______________ пример:<u>на туѓа нега поради</u> што ја поднесувам оваа жалба.**
**Се наведува фактичка состојба ___________________________ пример:<u>Не ми е јасно како може некој кој е два пати опериран од тумор во мозокот, со епилептични напади кои се почести како поминуваат годините , Комисијата да утврди дека јас повеќе немам потреба од помош и нега на друго лице и дека самостојно ги извршувам животните потреби.</u>**
**<u>Од приложената документација се гледа дека болеста прогресира и не знам дали некој до сега се излечил од оваа болест од која јас боледувам.</u>**
**<u>Комисијата не ги виде снимките од болница ниту ме праша како се чувствувам со болест која до сега нема случај дека некој се излекувал.</u>**
**<u>Лековите кои ги купувам се скапи и со инвладиската пензија која ја земам ако ми се укине туѓа нега нема да можам да ги купувам.</u>**
**Го молам Второстепениот орган да ја уважи Жалбата и го преиначи првостепеното решение или предметот да го врати на повторно одлучување пред првостепениот орган со напатствија. Комисијата да донесе решение согласно приложената документација и правилно да ја утврди фактичката состојба.**

**Жалител,**
**__________________ __________2011**
**С к о п ј е**


П Р И Р А Ч Н И К ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВА ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА И ДЕТСКАТА ЗАШТИТА

Образец1.Б

**ДО УПРАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ**

**Т У Ж Б А**

**Од: _____________________________,**

**Ул_____________________„ бр. ______**

**Скопје**

**ПРОТИВ : Решение бр.____________/од**

**__________2011 година**

Донесено од : министерот за труд и социјална политика

Изјавувам жалба против Решението бр.________ од __________ во законски определениот рок поради:

1. Погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба,
2. Поради погрешна примена на материјалното право,

Со Решение донесено од министерот за труд и социјална политика ми престана правото ______________________________ кое согласно Законот за социјална заштита го користев до ____________ година., поради тоа што како лице кое остварило ***право на социјална парична помош Центарот утврдил дека сум дал нецелосни или невистинити податоци за семејната и материјалната состојба, како и за состојбата со имотот и имотните права, а не сум го известил центарот за настанатата промена во материјалната, семејната и имотната состојба за себе и членовите на домаќинството. Со решението за престанок на правото се определува дека правото не можам да го остварам во наредните 12 месеци По доставената жалба на решението на Центарот, министерот донесе решение со кое го потврди првостепеното решение на Центарот и ми се укина правото на СПП.***

Во врска со вака утврдената фактичка состојба укажувам дека погрешно е утврдена фактичката состојба од страна на центарот и министерот затоа што јас односно членот на моето семејство во времето кога ги поднесов документите не беше вработен туку работеше без да биде пријавен за што приложувам доказ од Агенцијата за вработување потврда бр. ___од_____ година дека сум во евиденцијата на невработени лица во РМ.

Значи ние во семејството немаме променета состојба и центарот погрешно ја утврдил фактичката состојба и согласно горе изнесеното погрешно е применето и материјалното право, а министерот одлучувајќи по жалбата не го разгледал предметот со сите прилози и утврдил фактичка состојба која не е правилна па тоа довело и до погрешна примена на материјалното право и го потврдил првостепеното решение..

Согласно горе изнесеното ПРЕДЛАГАМ ТУЖБАТА ДА СЕ УВАЖИ по сите основи и да се укине Решението бр. ____________ од _____________ донесено од министерот за труд и социјална политика и предметот да се врати на повторно одлучување до министерот заради правилно утврдување на фактичката состојба и примена на материјалното право.

Подносител на тужба,

___________________

**Ул„ ___________в„ бр._____**

**Дата__________**

**Град__________**





## V. 2. ПРАВО НА ПОСТОЈАНА ПАРИЧНА ПОМОШ

### V.2.1 Вовед

Согласно Законот за социјална заштита Постојаната парична помош се обезбедува за носителот на правото и друг член на семејството како соживател на помошта, неспособен за работа. Право на постојана парична помош како соживател има и дете до навршени 18 години живот или до 26 години живот, ако е на редовно школување.

### V.2.2 Опис на правото на постојана парична помош

Право на постојана парична помош има лице неспособно за работа и материјално необезбедено, кое не може да обезбеди средства за својата егзистенција врз основа на други прописи.

Неспособно за работа согласно Законот за социјална заштита се смета лице:

- со умерени, тешки и длабоки пречки во менталниот развој и лице со комбинирани и други пречки во развојот, кое заради степенот на попреченоста не може да се стекне со образование, како и лице со телесна попреченост, поради која е неспособно за работа;
- лице душевно заболено и лице со трајни промени во здравствената состојба, поради која е неспособно за работа;
- самохрана жена за време на бременоста еден месец пред породувањето и самохран родител согласно со Законот за семејството до три години возраст на детето;
- дете без родители и без родителска грижа кое не се штити врз основа на правото на сместување, кое нема приходи по основа на имот и имотни права и не остварува средства по основа на други прописи, но најмногу до 18 годишна возраст; и
- лице постаро од 65 години.
- Материјално необезбедено лице е лице кое нема приходи или чии приходи по сите основи по член на семејство се помали од 5000 денари, не поседува имот и имотни права од кои може да се издржува.

### V.2.3.Постапка и начин на остварување на правото и потребна документација

Барањето за остварување на **постојана парична помош** се поднесува до Центарот за социјални работи на чие подрачје подносителот има живеалиште. Кон барањето се доставува:

1. фотокопија на важечка лична карта за државјани на Република Македонија, дозвола за постојан престој на странецот, фотокопија од лична карта за признат бегалец или фотокопија на лична карта за лице под хуманитарна или (односно) супсидијарна заштита;
2. фотокопија на извод од матичната книга на родените;
3. фотокопија на извод од матичната книга на венчаните;
4. фотокопија на извод од матичната книга на умрените
5. уверение за пријавени или остварени нето приходи од управата за јавни приходи
6. имотен лист од катастар
7. потврда за остварени приходи од плата
8. потврда за корисник на пензија (остварена во Република Македонија или странство)
9. потврда од Агенција за вработување на Република Македонија, за невработени

П Р И Р А Ч Н И К ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВА ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА И ДЕТСКАТА ЗАШТИТА

членови во семејството

10. невработено лице кое не е во евиденција во Агенцијата за вработување на Република Македонија приложува листа за регистрирани податоци за остварен стаж
11. пресуда за определена законска издршка
12. потврда за редовен студент и
13. извештај за наод и мнение на надлежен орган (Образец 3 од матичен лекар) и медицинска документација.

Постојаната парична помош се обезбедува за носителот на правото и друг член на семејството како соуживател на помошта, неспособен за работа.

Право на постојана парична помош како соуживател има и дете до наврешени 18 години живот или до 26 години живот, ако е на редовно школување.

Центарот врши непосреден увид заради утврдување на фактичката состојба на лицето и семејството.

Непосредниот увид се врши по оцена на надлежниот центар, а најмалку еднаш во текот на годината.

### V.2.4. Висина на правото

Висината на постојаната парична помош за 2011 година изнесува:

- а носителот на правото 3.261 денар
- за корисник со еден соуживател 4.566 денари
- за корисник со два и повеќе соуживатели 6.253 денари.

### V.2.5. Рокови за остварување на правото и престанок на правото Рокови

Потребата од постојана парична помош со решение ја утврдува Центарот за социјална работа, а постапката започнува со поднесување барање од граѓанинот, законски застапник или старател или по службена должност. Во постапката по поднесено барање со комплетна документација Центарот е должен да донесе решение во рок од 60 дена .

Центарот врши непосреден увид заради утврдување на фактичката состојба на лице место за лицето и семејството, најмалку еднаш годишно.

Подносителот на барањето е должен во рок од 15 дена да го извести центарот за секоја промена на фактите или околностите кои биле основа за признавање на правото.

Право на постојана парична помош може да оствари и лице неспособно за работа кое има имот и кое склучило договор за доживотно издржување со центарот.

Самохрана бремена жена (еден месец пред породувањето) и самохран родител( до три години возраст на детето)остваруваат право на ППП заклучно до трето дете по ред на раѓање

Правото на постојана парична помош му мирува на лицето кое е на издржување на казна затвор подолго од 30 дена или е сместено во згрижувачко семејство, во установа за социјална заштита или друга установа со решение на центарот за социјална работа за тој период.

**Престанок на правото**

Ако корисникот или неговиот старател неоправдано не се јави за преглед во рокот определен за повторна оцена за неспособноста за работа правото на постојана парична помош му престанува со решение на центарот за социјална работа.





**Постапка по жалба**

**Види точка V.1.6. и V.1.7. страна 28**

**Види пример:**

**1.А - жалба на решение страна 31**

**1.Б -тужба до управен суд страна 32**

**Види образец 2.А –барање за Постојана парична помош**

**Образец 2.А**

ДО
ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА
СОЦИЈАЛНА РАБОТА НА ГРАД СКОПЈЕ
-Одделение за социјална работа за подрачје
_________________

БАРАЊЕ

ЗА ОСТВАРУВАЊЕ /ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ПОСТОЈАНА ПАРИЧНА ПОМОШ

Од _______________________________________________со

ЕМБГ /_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/ од __________, со стан на Ул,,
_______ ___________________________________________,, бр. ___,
со лична карта број ____________издадена на ______________година.

Барам да го остварам правото на постојана парична помош бидејќи
_____________________________________________________________
_____________________________________________________________
_____________________________________________________________
_____________________________________________________________
_____________________________________________________________

Во прилог доставувам следните документи :
_____________________________________________________________
_____________________________________________________________
_____________________________________________________________
_____________________________________________________________
_____________________________________________________________
_____________________________________________________________
_____________________________________________________________

Скопје                                   Подносител
на _________год.                        _________________

**Напомена:Кон барањето се поднесува и уверение за состојба на приходите, уверение за имотот и имотните права и наод,оценка и мислење за неспособност при работа**

П Р И Р А Ч Н И К ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВА ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА И ДЕТСКАТА ЗАШТИТА

## V. 3. ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК ЗА ПОМОШ И НЕГА ОД ДРУГО ЛИЦЕ

### V. 3.1. Вовед

Правото на домашна нега и помош и нега од друго лице се обезбедува на старо, изнемоштено и лице со телесна попреченост и лице со умерена, тешка и длабока ментална попреченост, кое не е во состојба да се грижи за себе и поради тоа му е потребна нега и помош во задоволувањето на егзистенцијалните потреби. Ова право се обезбедува и кога лицето живее во семејство.

### V. 3.2. Опис на правото за помош и нега од друго лице

Право на паричен надоместок за помош и нега од друго лице има лице над 26-годишна возраст, со умерени, тешки и длабоки пречки во менталниот развој, лице со потешка и најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице, како и лице со трајни промени во здравствената состојба, на кое му е неопходна помош и нега од друго лице заради тоа што не може само да ги задоволува основните животни потреби, доколку ова право не може да го оствари врз основа на други прописи.

### V. 3.3. Постапка и начин на остварување на правото и потребна документација

Барањето за остварување на **право на помош и нега од друго лице** се доставува до Центарот за социјални работи на чие подрачје подносителот има живеалиште .
Кон барањето се доставува следната документација:

1. Фотокопија на важечка лична карта за државјани на Република Македонија, дозвола за постојан престој на странецот, фотокопија од лична карта за признат бегалец или фотокопија на лична карта за лице под хуманитарна или супсидијарна заштита,
2. Мислење од матичен лекар за потребата од помош нега од друго лице и
3. Медицинска документација (специјалистички извештај, отпусна листа и друга медицинска документација).

За поднесените документи во фотокопија, стручниот работник во центарот за социјална работа утврдува дали се верни на оригиналот согласно Законот за општа управна постапка.
Потребата за помош и нега од друго лице со наод, оцена и мислење, ја утврдува **стручна комисија** која може да биде при јавна установа која во рамките на својата дејност третира проблеми од областа на психофизичкиот развој на лица со одреден вид на попреченост или во друго правно лице.

### V. 3.4.Висина на правото

Висината на паричниот надоместок за помош и нега од друго лице се утврдува во зависност од обемот на потребата за помош и нега од друго лице. Потреба од помош и нега од друго лице **во поголем обем** има лице со тешки и длабоки пречки во менталниот развој, лице со потешка и најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице, како и лице со трајни промени во здравствената состојба, поради што не може само да ги задоволува основните животни потреби, не може ниту со помош на ортопедски помагала самостојно да се движи во станот или надвор од станот, самостојно да се храни, облекува, да ја одржува личната хигиена, ниту да ги обавува основните физиолошки потреби.





**Висината на паричниот надоместок за помош и нега од друго лице во поголем обем изнесува 4.185 денари,** усогласена со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.
Потреба од помош и нега од друго лице во **помал обем** има лице со умерени пречки во менталниот развој и лице кое поради трајни промени во здравствената состојба не може без помош од друго лице во потполност да ги задоволува основните животни потреби.
Потреба од помош и нега од друго лице има и лице кое поради привремени промени во здравствената состојба без помош на ортопедски помагала не може да ги задоволи основните животни потреби.
**Висината на паричниот надоместок за помош и нега од друго лице во помал обем изнесува 3.702 денари,** усогласена со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

### V. 3.5.Рокови за остварување на правото и престанок на правото

**Рокови**

Барањето со потребната документација за остварување на правото за помош и нега од друго лице се поднесува до центарот за социјална работа на подрајчето на кој живее подносителот **во период по настанување на основот** за остварување на правото. Во Законот за социјална заштита нема утврден рок во кој може да се поднесе барање за остварување на ова право.
Центарот за социјална работа е должен да го извести корисникот за потребата од повторен преглед два месеца пред истекот на рокот определен за повторна оцена за утврдување на потребата од помош и нега од друго лице.

**Престанок на правото**

Ако корисникот или неговиот старател неоправдано не се јави во рокот определен за повторна оцена за утврдување на потребата од помош и нега од друго лице, правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице му престанува. Потребата за помош и нега од друго лице со наод, оцена и мислење, ја утврдува стручна комисија која може да биде при јавна установа која во рамките на својата дејност третира проблеми од областа на психофизичкиот развој на лица со одреден вид на попреченост или во друго правно лице.

Правото на паричниот надоместок за помош и нега од друго лице **мирува** за време додека лицето е згрижено подолго од 30 дена во здравствена или друга установа, со решение на центарот.

**Постапка по жалба**
**Види точка V.1.6 и V.1.7 страна 28**
**Види пример:**
**1.А - жалба на решение страна 31**

**1.Б - тужба до управен суд страна 32**
**Види пример 3.А– образец на барање за паричен надоместок за помош и нега од друго лице  страна 38**
**Види Образец  3 –Б – мислење од матичен лекар за потреба од помош и нега од друго лице страна 39**

**Образец 3-А**

ДО
ЈАВНА УСТАНОВА
ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА
____________________

## Б А Р А Њ Е

Од ________________________________________ , со стан на улица"
________________________________ " бр. __________ , од Скопје, општина
________________________ , телефон __________

**По лична карта се води на УЛ.________________бр.__________**

Поради неможност сам да си ги вршам физиолошките функции за задоволување на основните животни потреби, потребна ми е нега од друго лице.

**ПРИЛОГ:**

1 Медицинска документација (специјалистички извештај,отпусна листа и друга медицинска документација)
2. Мислење од матичениот лекар за потребата од помош и нега од друго лице
3.Фотокопија од важечка лична карта за државјани на Република Македонија,лична карта за странец со постојан престој,лична карта за лице со признат статус на бегалец или лична карта за лице под супсидијарна заштита.

**Скопје,** ____________  П О Д Н О С И Т Е Л,
____________________

:
____________________________________________________________
____________________________________________________________
____________________________________________________________
____________________________________________________________

Скопје,________________  ________________

**Образец 3-Б**



## М И С Л Е Њ Е

ОД МАТИЧЕН ЛЕКАР ЗА ПОТРЕБАТА
ОД ПОМОШ И НЕГА ОД ДРУГО ЛИЦЕ

**1. Лични податоци за пациентот**

а) Име и презиме ______________________
б) Дата на раѓање ______________________
в) Место и адреса на живеење ______________________
**ЕМБГ** ______________________

**2. Мислење на матичниот лекар**

**2.1** Прегледот е извршен
а) Во домот на пациентот (ДА - НЕ)
б) Во амбуланта (ДА - НЕ)

**2.2Каква е подвижноста на осигуреникот:**
а) Воопшто не е подвижен (ДА - НЕ)
б) Со можност да седнува и станува (ДА - НЕ)
в) Со можност да се движи во собата (ДА - НЕ)
г) Со можност да се движи надвор од собата со помош на друго лице (ДА - НЕ)
д) Со можност да се движи со ортопедски помагала (ДА - НЕ)

**2.3Малата и големата нужда пациентот ја обавува:**
а) Во кревет неконтролирано (ДА - НЕ)
б) Во кревет контролирано со гуска и лопата (ДА - НЕ)
в) Станува и оди во WC со помош на друго лице (ДА - НЕ)

**2.4** Пациентот може сам да се храни (ДА - НЕ)
**2.5** Пациентот може сам да се облекува и соблекува (ДА - НЕ)
**2.6** Пациентот е потполно слеп/100% (ДА - НЕ)
**2.7** ПАЦИЕНТОТ БОЛЕДУВА ОД (ДГ) (ДА - НЕ)
____________________________________________________________

____________________________________________________________

2.8 **МИСЛЕЊЕ:** Пациентот има потреба од помош и нега (ДА - НЕ)

**3. ПРИЛОГ:** Медицинска документација ( дијагностицирање и лекување)

СКОПЈЕ, ____________  **ПОТПИС НА ФАКСИМИЛ НА МАТИЧЕН ЛЕКАР**


П Р И Р А Ч Н И К ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВА ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА И ДЕТСКАТА ЗАШТИТА

## V. 4. ПРАВО НА ПАРИЧНА ПОМОШ НА ЛИЦЕ КОЕ ДО 18 ГОДИНИ ВОЗРАСТ ИМАЛО СТАТУС НА ДЕТЕ БЕЗ РОДИТЕЛИ И РОДИТЕЛСКА ГРИЖА

### V. 4.1.Вовед

Согласно Законот за социјална заштита децата без родители и родителска грижа остваруваат повеќе институционални права до наполнување 18 години возраст (сместување во ученички дом,семејство или установа за која центарот ќе оцени дека може да обезбеди чување, згрижување, воспитание, образование и нормален развој на детето). Државата обезбедува парична помош на лицата по навршување 18 години а најмногу до 26 години возраст кои биле без родители и родителска грижа заради задоволување на основните егзистенцијални потреби по напуштање на домот, семејството или установата во која биле сместени.

### V. 4.2.Опис на правото парична помош на лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа

Право на парична помош на лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа има лице кое нема приходи и имот од кој може да се издржува, до наполнување на 26 години возраст.

Министерот со Правилник го пропишува начинот на утврдување на состојбата со приходите, имотот, имотните права и потребната документација за остварување на правото.

### V. 4.3. Постапка и начин на остварување на правото и потребна документација

Подносителот на барањето за остварување на **право на парична помош на лице кое до 18 години имало статус на дете без родители и родителска грижа**,: Барањето не во пропишан образец и барателот треба да го напише во слободна форма и за себе и членовите на семејството треба да ги приложи следните докази:

1. фотокопија на важечка лична карта за државјани на Република Македонија, дозвола за постојан престој на странецот, фотокопија од лична карта за признат бегалец или фотокопија на лична карта за лице под хуманитарна или супсидијарна заштита,
2. фотокопија на извод од матичната книга на родените,
3. фотокопија на извод од матичната книга на венчаните,
4. фотокопија на извод од матичната книга на умрените, за починат член на семејството,
5. уверение за пријавени или остварени нето приходи од Управата за јавни приходи,
6. потврда за остварени приходи од плата,
7. потвдра за корисник на пензија,
8. потврда од Агенција за вработување на Република Македонија, за невработени членови во семејството,
9. невработено лице кое не е во евиденција во Агенцијата за вработување на република Македонија приложува листа за регистрирани податоци за остварен стаж,
10. пресуда за определена законска издршка,
11. имотен лист од катастар,
12. потврда за редовен ученик- студент.



### V. 4.4. Висина на правото

Висината на паричната помош на лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа изнесува 4.000 денари усогласена со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

Висината на паричната помош а 5.600 денари ако се наоѓа на редовно школување.

Лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, кое е запишано по прв пат на студиска година од прв и втор циклус на студии како редовен или вонреден студент на јавните високообразовни установи има право на парична помош за студирање во висина од 9.000 денари месечно, ако користи социјален стан под закуп, односно 18.000 денари месечно, ако не користи социјален стан под закуп, усогласена со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

Доколку лицето ја повтори студиската година, правото на парична помош за студирање му мирува се до запишување на следната студиска година по прв пат.

Лице кое е запишано на трет циклус докторски студии има право на парична помош за студирање за времетраењето на докторските студии на јавните високообразовни установи, но најмногу до пет години од датата на запишувањето.

### V. 4.5. Рокови за остварување на правото и престанок на правото

**Рокови**

Корисниците кои се стекнале со ова право по навршување 18 години а најдоцна до 26 години ќе го користат правото ако се на редовно школување и до центарот доставуваат потврда дека се на редовно школување, , а надоцна до крајот на септември за тековната година.

Лице кое користи право на парична помош за студирање, се исклучува од користење на правото на парична помош од членот 69 на Законот за социјална заштита .

Лицето, еднаш годишно до центарот доставува потврда за редовно извршување на обврските од докторските студии, согласно со статутот на високообразовната институција, а надоцна до септември за тековната година.

**Престанок на правото**

Паричната помош на лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа престанува со решение на центарот за социјална работа кога лицето ќе наврши 26 години возраст, ако се вработи или се стекне со приходи од кој може да се издржува.

**Постапка по жалба**

**Види точка V.1.6 и V.1.7 страна 28**

**Види пример:**

**1.А - жалба на решение страна 31**
**1.Б - тужба до управен суд страна 32**



П Р И Р А Ч Н И К ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВА ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА И ДЕТСКАТА ЗАШТИТА

## V.5. ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ И ПОМОШ ВО НАТУРА

### V. 5.1. Вовед

Под еднократна парична помош и помош во натура се подразбира обезбедување на облека, исхрана и други средства за кои центарот за социјална работа ќе утврди дека се неопходни за минимална егзистенција на граѓанинот и семејството. Ова право државата го обезбедува и во несреќни случаи, акутна болест која бара болничко лекување и слично, а може да го користат и државјани на Република Македонија кои немаат постојано живеалиште во РМ, како и странци со привремен престој и регулиран влез во Република Македонија, согласно со закон.

Во Буџетот на Републиката се обезбедуваат средства за доделување на еднократна помош во случаи на вонредно загрозување на населението од поголеми размери.

### V. 5.2. Опис на правото еднократна парична помош и помош во натура

Еднократна парична помош или помош во натура се доделува на лице или семејство кое се нашле во положба на социјален ризик, како и на лице и семејство заради претрпена природна непогода или епидемија и подолго лекување во здравствена установа.

### V. 5.3. Постапка и начин на остварување на правото и потребна документација

Еднократната парична помош се остварува во месно надлежниот центар за социјална работа, а во итни и неодложни случаи министерот може да донесе решение за доделување еднократната парична помош.

Подносителот на барањето за остварување на право на еднократна парична помош **доколку користи права од социјална заштита** заради претрпена природна непогода, пожар, поплава, земјотрес, како и осудено лице по отпуштање од установата за издржување на казна доставува фотокопија од лична карта односно извод од матична книга на родените .

Положба на социјален ризик од Законот за социјалната заштита се утврдува врз основа на следните документи:

1. записник од надлежен орган за претрпена природна непогода (пожар, поплава, земјотрес),
2. медицинска документација за подолготрајно лекување во странство и потреба од медицинска интервенција за член на семејството (конзилијарно мислење од соодветна Клиника за потребата од лекување во странство и решение од Фондот за здравствено осигурување за утврдена партиципација),
3. договор за земјоделско земјиште на плодоуживање во сопственост на државата,
4. медицинска документација за подолго лекување во здравствена установа (од матичен лекар, лекар-специјалист или отпусна листа),
5. решение од надлежен центар за социјална работа за видот и степенот на попреченост во менталниот и телесниот развој,
6. решение за престанок на сместување во Јавна установа за згрижување на деца без родители или родителска грижа, односно згрижувачко семејство и
7. известување за потребата од помош за осудено лице по отпуштање од установата за извршување на казната, како и од донесено решение на судијата за извршување на санкции.





**Ако подносителот на барањето *не користи право од социјална заштита,* за себе и членовите на семејството приложува**:

1. фотокопија на важечка лична карта за државјани на Република Македонија, дозвола за постојан престој на странецот, фотокопија од лична карта за признат бегалец или фотокопија на лична карта за лице под хуманитарна или (односно) супсидијарна заштита или поднесено барање за признавање право на азил,
2. фотокопија на извод од матична книга на родените,
3. фотокопија на извод од матична книга на венчаните, доколку има склучено брачна заедница.
4. фотокопија на извод од матична книга на умрените за починат член на семејството,
5. потврда за примена плата во последните три месеци пред поднесување на барањето,
6. чек од последна пензија, за пензионери,
7. потврда од Агенција за вработување на Република Македонија, за невработени членови во семејството и
8. уверение за пријавени или остварени нето приходи од Управата за јавни приходи.

### V. 5.4. Висина на правото

Износот на еднократната парична помош може да изнесува **до 30.000 денари**, зависно од ризикот во кој се нашло семејството како и настанатите последици и тоа:

-за задоволување на потребите на лице или семејство кое се нашло во положба на социјален ризик а која може да остави трајни последици, заради претрпена природна непогода (земјотрес, поплава, пожар, епидемија и смрт на член на семејството),

-на семејство чиј член е корисник на земјоделско земјиште на плодо уживање во сопственост на државата, во моментот на склучување на договорот за плодо уживање согласно со прописите,

-лице кое има потреба од оперативен зафат или подолго лекување во здравствена установа во странство и

-станбено необезбедено лице- корисник на постојана парична помош, како помош во обезбедување на нужно сместување.

Износот на еднократната парична помош или помош во натура може да изнесува **до 15.000 денари** за потребите на членот на семејството кое е лице со пречки во менталниот развој или лице со трајна телесна попреченост, кое согласно со овој закон би можело да оствари право на сместување во установа за социјална заштита.

Износот на еднократна парична помош може да изнесува **до 12.000 денари** за задоволување на потребите на лице или семејство кое се нашло во положба од социјален ризик во случај на подолго лекување во здравствена установа.

Износот на еднократна парична помош изнесува **180.000 денари** за дете или младинец без родители и родителска грижа, кој по наполнување на 18 годишна возраст ја напушта установата или згрижувачкото семејство заради негово адаптирање во социјалната средина.

Висината на правото на еднократна парична помош се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

П Р И Р А Ч Н И К ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВА ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА И ДЕТСКАТА ЗАШТИТА

**Рокови**
Во Законот за социјална заштита не постојат законски утврдени рокови за користење на ова право но вообичаено истото се користи во периодот кога е настанат социјалниот ризик на лицето или семејството и по поднесување на комлетната документација кон барањето. Социјалниот ризик го определува центарот со решение, а врз основа на записник на стручен тим кој извршил увид на лице место и ги утврдил околностите и фактичката состојба на семејството или поединецот.

**Престанок на правото**
Правото е еднократно и престанува со денот на исплатата на еднократната парична помош или подигањето на средствата во натура.

**Постапка по жалба**
**Види точка V.1.6 и V.1.7 страна 28**
**Види пример:**
**1.А - жалба на решение страна 31**
**1.Б - тужба до управен суд страна 32**
**Види пример 5 .А– образец на барање за еднократна парична помош или помош во натура страна 45**





**Образец 5-А**

До
ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР
ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА
________________________

**Б А Р А Њ Е**
за остварување право на еднократна парична
помош или помош во натура

**Од**__________________________________________________________
________________
со ЕМБГ /__/__/__/__/__/__/__/__/__/__/__/__/__/ со стан на ул. _______________
______________________бр.__________во______________________________
_______, со лична карта бр. ______________ издадена на ________________
година од Управата на МВР ______________________________.
Барам да ми се додели право на еднократна парична помош или помош во натура.

Помошта ми е потребна за задоволување на следната потреба:
_______________________________________________________________
_______________________________________________________________
_______________________________________________________________
_______________________________________________________________
_______________________________________________

Кон ова барање приложувам:
1. Доказ за личниот идентитет, државјанскиот статус, местото на живеење односно постојаниот или привремениот престој (уверение за државјанство, лична карта, извод од матична книга на родени, патна исправа или лична карта за странец односно дозвола за постојан или привремен престој)-фотокопија:_______________________________________________;
2. Доказ за положбата од социјален ризик во која што се наоѓа лицето односносемејството:_________________________________________;
3. Доказ за семејно-материјалната сосотојаба на семејството на подносителот на барањето: ____________________________________
_______________________________________________________________;
4. Доказ за висината на потребната помош што се бара:________________
_______________________________________________________________;
5. Друга документација со која се докажува основаноста на барањето:_____
_______________________________________________________________.

Прилози : ________________ Подносител,
на ________________ година ____________________

## V. 6. ДРУГИ ПАРИЧНИ ПРАВА ОД СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

Законот за социјална заштита предвидува повеќе парични права од кои дел посебно се разработени во прирачникот , а дел од нив ќе бидат разработени во ова поглавје , од прична што не може да се следи структурата како во другите поглавја од прирачникот. Причината за ваквото стојалиште е што дел од правата ке бидат разработени во прирачникот за здравствената област, а дел од правата се специфични во поглед на остварувањето и постапката за нивно користење од страна на посебна категорија на граѓани.

### V.6.1..Вовед

Законот за социјална заштита предвидува определено право но истовремено предвидува истото да има одложено дејство и ќе се користи по поминување на извесен период. Такво е на пример правото на парична помош на мајка која родила четврто живородено дете по 01 јануари 2009. Ако мајката ги исполни предвидените услови ова право ќе може да го користи по нејзино навршување на 62 години возраст, ако не работела и нема основ за користење старосна пензија. Пример ако на денот на раѓањето на четврто живо родено дете, 01.Јануари 2009 година, мајката имала 40 години ова право ќе може да го искористи кога ќе наполни 62 години возраст се разбира ако ги исполнува и другите услови предвидени во законот за користење на ова право .

Во насока на горе изнесеното во ова поглавје ќе се осврнеме на парични права од законот за социјална заштита кои се специфични од аспект на нивното остварување односно подносителот треба да исполни извесни предуслови како што е на пример правото за скратено работно време на родител кој има дете со телесни или ментални пречки во развојот . Предуслов е двајцата родители, самохран родител или старател да се вработени на неопределено време со полно работно време и да имаат конзилијарно мислење за болеста на детето, а во центарот не се регистрирани како корисници на други права. Има права кои се остваруваат дирекно како на пример (правото на здравствено осигурување) ако корисникот е корисник на некое од паричните права центарот во негово име со самата исплата на средствата прави пресметка и го уплаќа потребниот износ за здравствено осигурување. Правото на додаток за слепило и мобиност се однесува само на една група граѓани над 26 години живот потполно слепи на кои со самото евидентирање во специјални установи преку центарот им се обезбедува ова право само со поднесување на картон за регистрација на слепо лице и возраст над 26 години , или на лице со инвалидитет и лице со умерени тешки и длабоки пречки во менталниот развој коешто без помош на инвалидска количка не може да се да ги задоволи основните животни потреби. Паричното право за слепило и мобилност на овие лица се обезбедува поради потребата од помош во секојдневното живеење, но во системот на социјалната заштита постојат и други форми на вонинституционална заштита или помош преку волнтерство .

Поради тоа во ова поглавје ќе ги дадеме основите на секое право поединечно за начинот на нивното остварување согласно Законот за социјална заштита. Во делот на заштитата на правата и за овие права важи она што е дадено како пример на жалба или тужба од овој прирачник.





### V.6.2. Право на парична помош на мајка која родила четврто дете

Право на парична помош има мајка која родила четврто живородено дете **од 1 јануари 2009 година.**

Ова право го остварува мајка која се грижела за децата до нивната 18 годишна возраст, која е невработена и не користи право на пензија, по наполнување на 62 години живот. Не може да го оствари ова право мајка доколку и било одземено родителското право над едно од децата.

Висината на паричната помош на мајка која родила четврто дете изнесува 8.000 денари, усогласена со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

Образец за ова право не е пропишан од причина што анализа за возраста на мајките кои имаат родено четврто живородено дете по 01 јануари 2009 година не е направена за да може да се предвиди кога за прв пат ќе се оствари ова право и кои ќе бидат документите кои во тоа време корисникот ќе треба да ги поднесе за негово користење.

### V.6.3. Надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот

Правото на надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот и со најтешки облици на хронични заболувања, утврдено со Законот за работните односи, се остварува во центарот за социјални работи.

Родителот кон барањето за остварување на ова право до центарот ги доставува следните документи:

- извод од матична книга на родените за лицето кое бара да го оствари ова право,
- извод од матична книга на родените на детето,
- решение од првостепениот орган-Центарот за социјална работа за видот и степенот на попреченоста на детето во физичкиот или психичкиот развој и специфичните потреби,
- решение од работодавецот за користење на правото на скратено работно време согласно законот и,
- решение за заснован работен однос на неопределено време на двата родитела, самохран родител или старател.

Висината на надоместокот на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот изнесува 4.800 денари, усогласена со порастот на трошоците за живот од претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за претходната година.

За промените кои ќе имаат влијание на губење на правото на надоместок на плата за скратено работно време поради нега на потешко хендикепирано дете, во рок од 15 дена од нивното настанување се известува Центарот за социјална работа.

Барање за остварување на ова право не е пропишано истото се доставува до центарот за социјална работа на подрачјето на кое подносителот има живеалиште во слободна форма со доставување на горе наведените документи.

### V.6.4. Право на социјално домување.

**Правото на парична помош за социјално домување с**е обезбедува на социјално загрозени лица-станбено необезбедени.

П Р И Р А Ч Н И К ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВА ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА И ДЕТСКАТА ЗАШТИТА

Социјално загрозени лица согласно Законот за социјална заштита за остварување на ова право се:

- корисници на постојана парична помош и
- лице кое до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, односно и по престанување на старателството, а најмногу до 26-годишна возраст.

За остварување на ова право се поднесува барање до Центарот за социјална работа.
Барање за остварување на ова право не е пропишано истото се доставува до центарот за социјална работа на подрачјето на кое подносителот има живеалиште во слободна форма со доставување на горе наведените документи
Кон барањето се приложува:

- доказ дека не користи стан под закуп во сопственост на Република Македонија,
- фотокопија од лична карта или друг документ за потврдување на државјанство на Република Македонија и постојано живеалиште,
- потврда од Управата за јавни приходи за недвижен имот во местото на раѓање и живеење,
- изјава заверена кај нотар дека не поседува стан или друг недвижен имот, односно дека не отуѓилваков имот и дека на друг начин не може да го оствари правото на домување,
- доказ дека е поведена постапка за распределба на оставина на оставител, на кој може да се јави како наследник и дека во текот на постапката не се прифатил за наследник,
- документ за исплатена плата, пензија или друго редовно примање во последните три месеца,
- потврда за невработеност,
- извод од матичната книга на родени и венчани,
- потврда за редовно школување,
- договор за сместување во студентски дом и договор за закуп.

Висината на надоместокот на правото за домување ја определува Центарот за социјална работа со решение врз основа на поднесената документација (договор за закуп, договор за сместување во студенски дом и сл).

### V.6.5. Право на здравствена заштита

Право на здравствена заштита согласно Законот за социјална заштита имаат корисниците на:

- постојана парична помош;
- лица сместени во згрижувачко семејство;
- лица сместени во установа за социјална заштита, (за институционална и вонинституционална заштита);
- корисници на паричен надоместок за помош и нега од друго лице,
- лице кое до 18 - годишна возраст имало статус на дете без родители и без родителска грижа, најмногу до 26 години, а користи социјална парична помош,
- лице-жртва на семејно насилство за кое се превзема мерка на заштита согласно законот за семејство и
- лице опфатено со организирано живеење со поддршка.





Корисниците остваруваат право на здравствена заштита, ако не можат да се осигураат по друга основа.
За правото на социјална заштита Центарот за социјална заштита плаќа придонес согласно стапката за плаќање придонеси утврдена во Законот за плаќање социјални придонеси при исплатата на правото.
За користење на ова право се користи образец ЗО- 1 опишан во прирачникот за здравствена заштита кој го пополнува и го доставува до ФЗО Центарот за социјална работа.

### V.6.6. Додаток за слепило и мобилност

Ова право се обезбедува за потполно слепо лице над 26 годишна возраст, а правото на додаток за мобилност се обезбедува на лице над 26 години возраст со 100% инвалидитет и лице со умерени тешки и длабоки пречки во менталниот развој коешто без помош на инвалидска количка не може да се да ги задоволи основните животни потреби, утврдени од стручен орган и со решение на центарот.
Месечниот износ на додатокот за слепило и мобилност изнесува 7.000 денари.
Барање за остварување на ова право не е пропишано истото се доставува до центарот за социјална работа на подрачјето на кое подносителот има живеалиште во слободна форма со доставување на потребните документи.

**Постапка по жалба**
**Види точка V.1.6 и V.1.7 страна 28**
**Види пример:**
**1.А - жалба на решение страна 31**
**1.Б - тужба до управен суд страна 32**

## V.7. ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВА ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

### V.7.1. Вовед

Поимот **Дискриминација** е секое неоправдано правно или фактичко, непосредно или посредно правење на разлика или нееднакво постапување, односно пропуштање(исклучување, ограничување или давање првенство) во однос на лица или групи кое се заснова на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување,образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална и телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или која било друга основа;
Со одредбите од Законот за социјална заштита се забранува директна или индиректна дискриминација врз основа на пол, раса, боја на кожата, националност, етничка, социјална, политичка, верска, културна, јазична, имотна и општествена припадност, онеспособеност и потекло во остварување на правата од социјалната заштита утврдени со законот за социјална заштита.

ПРИРАЧНИК ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВА ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА И ДЕТСКАТА ЗАШТИТА

### V.7.2. Директна дискриминација

Директна дискриминација е секое постапување со кое барател или корисник на социјална заштита бил ставен во неповолна положба од другите корисници во споредбени случаи.

### V.7.3. Индиректна дискриминација

Индиректна дискриминација постои кога определена навидум неутрална одредба, критериум или пракса го става барателот или корисникот на социјална заштита поради пол , раса, боја на кожата, националност, етничка, социјална, политичка, верска, културна, јазична, имотна и општествена припадност, онеспособеност и потекло во однос на другите корисници на права од социјална заштита .

### V.7.4. Заштита од дискриминација

Во случаи на дискриминација утврдени во Законот за социјална заштита , барателот или корисникот на социјална заштита има право да бара заштита од надлежен орган. Согласно Законот за еднакви можности помеѓу жените и мажите **Иницијатива за заштита од дискриминација** по основ **на пол** се доставува до Министерството за труд и социјална политика до Застапникот за еднакви можности на жени и мажи.
Иницијативата треба да содржи: назив на органот до кој се доставува, име презиме и место на живеење на подносителот, основ( нееднаков третман по основ пол) опис на дискриминацијата( директна или индиректна), докази (изјави или сослушување на странки) и предлог застапникот да поведе постапка за испитување на фактите наведени во иницијативата, да сослуша сведоци и да даде **мислење дали постои дискриманиција**
во конкретен случај.
До **Комисијата за заштита од дискриминација** се поднесуваат **Претставки од граѓани** по основ директна или индиректна дискриминација по основ раса, боја на кожата, националност, етничка, социјална, политичка, верска, културна, јазична, имотна и општествена припадност, онеспособеност и потекло. Претставката треба да го содржи називот на органот до кој се доставува претставката (Комисија за заштита од дискриминација), име презиме и место на живеење на подносителот, опис на дејствието со кое подносителот е дискриминиран и да приложи факти и докази со кои располага или да предложи комисијата по службена должност да ги прибави истите.
Комисијата дава **мислење** за наводната дискриминација во рок од 90 дена од денот на поднесувањето на претставката и за тоа го известува поднесувачот и лицето против кое е поднесена претставката.
Со писменото мислење, а по утврдената дискриминација, Комисијата препорачува начин на отстранување на повредите на правото.
Лицето на кое препораката е упатена, е должно да постапи по препораката и да ја отстрани повредата на правото во рок од 30 дена од денот на приемот на препораката,
како и за тоа да ја извести Комисијата.
Лицето кое смета дека поради дискриминација му е повредено некое право е овластено да поднесе **тужба** пред надлежен суд. Во постапката соодветно се применуваат одредбите од Законот за парничната постапка. Постапката е итна.
Со тужба може да се бара :





- да се утврди дека тужениот го повредил правото на тужителот на еднаков третман, односно дејствието коешто го презел или пропуштил може непосредно да доведе до повреда на правата на еднаквост во постапувањето (Службен весник на РМ, бр. 50 од 13.04.2010 година),
- да се забрани преземање дејствија со кои се крши или може да се прекрши правото на тужителот на еднакво постапување, односно да се извршат дејствија со кои се отстранува дискриминацијата или нејзините последици;
- да се надомести материјалната и нематеријалната штета причинета со повреда на правата заштитени со овој закон и
- да се објави во медиумите пресудата со која е утврдена повреда на правата на еднакво постапување на трошок на тужениот.
- Барањата можат да се истакнат заедно со барањата за заштита на други права за кои се одлучува во парнична постапка, ако сите барања се во меѓусебна врска и ако ист суд е стварно надлежен за нив, без оглед дали за тие барања е пропишано решавање во општа или во посебна парнична постапка.

**Види пример: поднесување иницијатива и преставка за дискриминација:**
**Образец -Д-1 пример за иницијатива наредна страница**
**Образец Д-2 пример за преставка види на страна 54**

П Р И Р А Ч Н И К ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВА ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА И ДЕТСКАТА ЗАШТИТА

**Образец Д-1**

ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА
-ЗАСТАПНИК ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИ И МАЖИ

ПРЕДМЕТ: Иницијатива за заштита од дискриминација по основ на пол

ОД: ____________________ од _____________ предку полномошник адвокат ____________________ ул.______________ од ______________

ПОРАДИ: Утврдување на нееднакво третман од страна на болницата во Тетово, одделение за детски болести

Согласно член 25 од Законот за еднакви можности на жените и мажите ја поднесуваме оваа иницијатива со цел утврдување на директна дискриминацијаврз ____________________ од страна на медицинскиот персонал во ______________.

На ден __________2011 година околу ________ часот ____________________ со својата мја ______________ отишол во посета на асвојот син __________________ претходно примен и задржан во одделот за детски болести во болницата во ___________. При обид да влезат во собата кде лежел ___________ од медицинскиот персонал во болницата им било кажано дека мажи не смеат да влегуваат на одделението, па можност да го посети __________и била дадена сао на _________________________.

Подоцна истиот дена околу 17 часот во посета на истото

ДОКАЗ: Изјава од
Сослушување на странки
Сослушување на сведоци

На ден ____________2011 година ____________________се обидел да го посети синот _________, но повторно не у било овозможено да влезе во собата каде ________________лежел со обрзложение дека не е време за посетиу, па ______________ бил донесен преку прозор да се види со родителот ______________.

ДОКАЗ: Сослушување на странки

Со ваквите дејствија болницата во ___________ го повредила принципот на еднаков третман помеѓу жени и мажи и директно го дискриминирала ______________со што го ставил во понеповолна положба во однос на жените кои непречено влегувале во болницата, но и други мажи кои влегувале на одделението.





Согласно горенаведеното бараме застапникот за еднакви можности на жени и мажи да поведе постапка за испитување на фактите наведени во оваа иницијатива, ги сослуша странките и предложените сведоци и даде мислење за постоење на нееднаков третман од страна на болницата во _____________ спрема ______________________ и да ги задолжи на сторителите на дискриминицаијата ги отстранат последиците од актот на дискриминација.

Скопје, ______________

За оштетениот
Пол.Адв. __________________

П Р И Р А Ч Н И К ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВА ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА И ДЕТСКАТА ЗАШТИТА

 Образец Д-2

ДО

**Министерството за труд и социјална политика**
**-Комисија за заштита од антидискриминицаија -**

**СКОПЈЕ**

**П Р Е Т С Т А В К А**

**Од ___________________________**
**од ____________ ул. _________________________**

Оваа претставка ја доставувам во однос на Решението за склучување на нов променет договор за вработување ________________________________ _ доставено од _________________ Скопје.

Заклучно со ___________2011 год. не е откажан Договорот за вработување склучен помеѓу _______________________Скопје, кој го извршував на работното место како ____________ на надоместоци во група за контрола на податоци од придонес од ПИО, сметководство и плаќање административни и општи работи во фонд на ПИОМ стручна служба ____________________ а ми се понудува нов променет договор за вработување на работно место референт за пријави-одјави на осигуреници и за обврзници за уплата на придонесот во ФПОИМ- Деловница ____________

Јас __________________ со ембг _________________во Фондот на ПИОМ- Филијата __________ сум вработена од _______________

Бидејќи до пензионирање имам уште 1 (една) година и 7 месеци Фондот на ПИОМ-Ц.О Скопје поточно Директорот на централата наводно поради зголемен обем на работни задачи ми го менува договорот за вработување т.е. ме прераспоредува во деловница ____________ место оддалечено од моето место на живеалиште и престојувалиште 170 км.

На ден _____________ поднесов приговор до Управниот одбор на Фондот на ПИОМ Ц.О Скопје, седницата се одржа, а до ден денес не ми е одговорено што се одлучило.

Почитувани Господо од Комисијата за заштита од антидискриминација, како што помоменав погоре во оваа моја матична куќа т.е. Филијала____________ го имам вложено целокупниот мој труд до ден денес, во работно место имам вложен голем труд и најодоговорно ви трврдам дека оваа Ќлијала има голема потреба за мене и сум убедена дека пак ке бараат помош од мене од стручен аспект.

Како референт за устројување на матична евиденција за самостојните занаетчии од __________________________ и до ден денес никој не е уходан да продолжи да ја извршува оваа работа.





Господо од Комисија за заштита на антидискриминација, индиректно со промена на Договорот го заобиколуваат стварниот проблем.

Имајќи го во предвид законот за изменување и дополнување на законот за работен однос (Сл.весник на РМ бр. 106/08 и 161/08) со член 8-членот 104 се менува и гласи:

1. Работодавачот го прекинува Договорот за вработување на работникот кога работникот ќе наполни 64 години возраст и 15 години работен стаж,

2. Работодавачот, на барањето на работникот од став 1 на овој член може да му го продолжи договорот за вработување најмалогу до 65 години старост, доколку со Закон не е поинаку утврдео.

Со цитирањето на овој член се поддразбира зошто ми се менува Договорот за вработување, а со тоа се врши дискриминација, и ставање во нееднаква положба на работниците во Фондот по однос на полето т.е. работник маж и работник жена. Истото го цитира и чл. 6 од колективниот договор кој ги уредува правата и должостите што призлегуваат од работниот однос.

Исто така со чл. 74 од Колективниот договор на работникот кој е 5 години пред одење во пензија и е распореден на помалку вреднувано работно место, добива плата во висина на платата од претходното работно место, по аналогија би требало и во мојот случај да не ми се промени работното место бидејќи до моето пензионирање има уште 1 година и 7 месеци.

Според чл. 8 од Колективниот договор забрането е секаков вид на психичко вознемирување на работното место (МОБИНГ), а претставува повреда на достоинството, интегритетот, угледот и честа на вработеното лице и предизвикува страв, или создава непријателско понижувачко или навредливо однесување чија крајна цел може да биде престанок на работниот однос или напуштање на работното место.

Господо од Кимисијата за заштита од антидискриминација се надевам дека ќе застанета во одбрана на моите права кои призлегуваат од Законот за работен однос и колективниот договор. Ќе се обратите до Фондот на ПИОМ-Ц.О. Скопје и ќе го разгледате подетално овој проблем, а со тоа ќе влијаете да не ми се промени договорот т.е. работното место од ___________ во градот ____________.

Како вработена во Фондот на ПИОМ- Филијала ____________ Ви тврдам дека ваков притисок за одење во пензија се врши само во Фондот на ПИОМ-Ц.О Скопје, установа која директно го спроведува Законот за ПИО, што е апсурд и чиста дискриминација во однос на полот маж-жена, а во други организации доследно го почитуваат овој закон. Ова е жално кога е усвоен и Законот за антидискриминација од 01.01.2011 год.

Со почит,
Прилог, Решение за промент Договор за работа.

Скопје, ______________

Подносител на претставката

___________________

П Р И Р А Ч Н И К ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВА ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА И ДЕТСКАТА ЗАШТИТА

# ПРАВА ОД ОБЛАСТА
# НА ДЕТСКАТА ЗАШТИТА

# VI. ПРАВА ОД ОБЛАСТА НА ДЕТСКАТА ЗАШТИТА

Заштита на децата се остварува преку обезбедување на определени права и облици за заштита на децата.
Во овој дел од прирачникот ќе ги опишеме правата предвидени во Законот за заштита на децата и посебно ќе се осврнеме на секое право во посебно поглавје и ќе ги dадеме како примери обрасците кои корисникот треба да ги поднесе до центарот за социјална работа и да ја приложи потребната документација. Во овој дел на почетокот само ќе го спомнеме правото на партиципација за престој во предучилишна установа -детска градинка но ќе потенцираме дека ова право иако е предвидено во Законот не се исплатува поради недостаток на средства во Буџетот на РМ**.** По исклучок по барање на родителот на детето за користење на ова право одлучува Управниот одбор на Јавната општинска детска градинка на терет на средствата на установата .

## VI.1. ПРАВО НА ДЕТСКИ ДОДАТОК

### VI.1.1. Вовед

Законот за заштита на децата предвидува парични права кои на родителите со ниски месечни примања ќе им помогнат во пружањето еднакви услови на децата во обезбедувањето на основните животни потреби во секојдневното живеење. Остварувањето на едно од правата за заштита на децата, не го исклучува користењето на друго право согласно со Законот за заштита на децата.
Правото на Детскиот додаток како паричен надоместок се обезбедува за покривање на дел од трошоците во подигањето и развојот на детето.

### VI.1.2. Опис на правото детски додаток

Право на детски додаток остварува еден од родителите на детето, државјанин на РМ со постојано место на живеење во Република Македонија, за дете државјанин на Република Македонија и на редовно школување во Републиката . Услов за остварување на ова право е граничниот износ на просечните месечни приходи и примања по член на семејството .
За остварување на детски додаток приходите во семејството по член да изнесуваат најмногу 2415 денари, а за дете на самохран родител пресметковниот износ се зголемува за 75% и изнесува 4226 денари по член. Износите се усогласуваат со пораст на трошоците на живот за претходната година објавени од Државниот завод за статистика во јануари за тековната година.



### VI.1.3. Постапка и начин на остварување на правото и потребна документација

Постапка за остварување на правото за детски додаток се поведува со писмено барање -образец на родителот, односно старателот на детето кое се поднесува до центарот за социјална работа во кое родителот или старателот има живеалиште.
Правото може да го оствари родител или старател на детето ако е:

- Вработен во трговско друштво, јавно претпријатие, јавна установа, установа и друго право лице кое врши стопанска дејност и друго лице кое врши дејност на јавна служба, државен орган и орган на единицата на локалната самоуправа и друго домашно и странско физичко лице и правно лице кое вработува работници, со најмалку половина од полното работно време, односно со него изедначеното работно време;
- корисник на правата од пензиското и инвалидското осигурување, според одредбите на Законот за пензиско и инвалидско осигурување;
- на отслужување на воениот рок во Армијата на Република Македонија, а до заминувањето бил во работен однос или имал друго својство, (невработено лице кое прима паричен надоместок; корисник на постојана парична помош;
- земјоделец- обврзник на данок од приход кој врши земјоделска дејност како единствено и главно занимање), врз основа на кое може да оствари детски додаток за дете;
- невработено лице кое прима паричен надоместок;
- корисник на постојана парична помош, според Законот за социјална заштита;
- воен инвалид и корисник на семејна инвалиднина;
- земјоделец- обврзник на данок од приход кој врши земјоделска дејност како единствено и главно занимање и
- занаетчија кој врши стари занаети и занаетчија кој врши занаетчиски дејности кои се дефицитарни.

**Услови кои треба да се исполнат во постапката за остварување на ова право е возраста на детето и** материјалната состојба на семејството.
Право на детски додаток има еден од родителите на детето до наполнување на 18 години живот доколку детето е на редовно школување.
За дете кое трајно или за подолго од една година ќе остане неспособно за работа, родителот има право на детски додаток за детето за време на траење на неспособноста на детето, но најдолго до 18 години живот.
Детски додаток следува за децата што родителот ги издржува и тоа за: деца родени во брак или вон брак, посвоени деца, внуци, браќа, сестри како и за други деца земени на издржување. За децата земени на издржување, детски додаток следува и кога тие имаат родители, ако родителите им се наполно или трајно неспособни за работа; се на издржување на казна затвор; им е одземено родителското право и кога родителите се на редовно школување. Детски додаток во овие случаи следува кога родителите и децата немаат имот или приходи од кои децата можат да се издржуваат.
Детски додаток следува и за дете кое е без родителска грижа, а е сместено во во дом-семејство.

### VI.1.4. Висина на правото

Висината на детскиот додаток изнесува:
за дете до 15 години живот, односно додека е редовен ученик во основно училиште 740 денари



П Р И Р А Ч Н И К ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВА ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА И ДЕТСКАТА ЗАШТИТА

за дете од 15 до 18 години живот, односно додека е редовен ученик во средно училиште 1175 денари
Вкупниот месечен износ на детски додаток за децата за кои родителот го остварил правото изнесува најмногу 2415 денари.

### VI.1.5. Рокови и престанок на правото

**Рокови**

Правото се остварува до наполнување 18 години живот ако детето е на редовно школување. Родителот или старателот на детето е должен во месец септември за сите деца за кои остварува право на детски додаток со решение на центарот да достави потврда дека детето е редовно запишано во основно или средно училиште. Доколку не достави потврда до центарот за социјална работа дека детето е запишано во училиште правото му престанува од месецот кога бил должен да ја достави потврдата.
Детски додаток не може да се користи во случаи кога детето кое поради воспитување, школување или оспособување е сместено во завод или установа во кои целосно бесплатно е згрижено за време додека е во заводот или установата на терет на државата и за дете државјанин на Република Македонија за кое родителот остварил право на детски додаток согласно со прописите на друга држава.
Центарот за социјална работа е должен во рок од 60 дена да донесе решение по барањето доставено со комплетна документација до центарот каде родителот или старателот има живеалиште.
Корисникот на правото од детска заштита(за детски додаток) е должен за секоја промена на фактите и околностите кои биле основа за признавање на правото да го извести надлежниот центар најдоцна во рок од 15 дена од денот кога настанале тие промени.
Законот за заштита на децата предвидува дека за се што не определено во поглед на роковите со овој закон важат роковите утврдени во Законот за општата управна постапка

**Престанок на правото**

Во колку родителот не ја обнови документацијата во рокот определен со Законот за заштита на децата (месец септември) Центарот за социјална работа ќе донесе решение за престанок на правото на детски додаток во рокот од 15 дена, а правото престанува од првиот ден на месецот во кој е пропуштена обврската за обновување на документацијата.
Корисникот на правото за детски додаток ако не го извести центарот за промена на фактите и околностите кои биле основа за признавање на правото, Центарот за социјална заштита по дознавање за промена на фактите и околностите по службена должност ќе донесе решение за престанок на правото.

### VI.1.6.Постапка по жалба

Жалба на решение донесено од центарот за социјална работа со кое не се признава или се укинува правото од областа на детската заштита во конкретниот случај на детски додаток се поднесува преку надлежниот центар до министерството за труд и социјална политика во рок од 15 дена од денот на приемот на решението. Жалбата се поднесува во два примероци со докази со кој се оспоруваат фактите кои влијаеле центарот да го донесе решението за престанок на правото. Жалителот во жалбата може да изнесува и нови факти и да приложи нови докази кои не биле земени во предвид при решавањето од страна на центарот.
Министерството е должно во рок од 60 дена да одлучи по жалбата.
Жалбата не го одложува од извршување донесеното решение, меѓутоа ако жалбата се усвои од страна на министерството за труд и социјална политика и се поништи донесеното решение и предметот се врати на повторно одлучување со напатствија за утврдување нова фактичка состојба, центарот за социјална работа е должен да постапи по насоките и да донесе решение за признавање на правото. Во овој случај правото се признава од месецот од кога истото било укинато и на корисникот ќе му се исплатат средствата во полн износ ретроактивно. Ако министерот не ја усвои жалбата и го потврди донесеното решение,против второстепеното решение странката има право на Тужба до Управниот суд на РМ во рок од 30 дена од приемот на решението.

**Види пример:**
**1.А - жалба на решение страна 31**
**1.Б - тужба до управен суд страна 32**
**Види пример образец 7-А– барање за остварување право на детски додаток на наредна страница**




ПРИРАЧНИК ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВА ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА И ДЕТСКАТА ЗАШТИТА

**ОБРАЗЕЦ 7-А**

**ДО**

**ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА**_______________________________________

**Б А Р А Њ Е**

за остварување – продолжување право на детски додаток

Од ___________________________________ со стан на ул. _____________________ бр._________ во _______________________ л.к.бр. ________________ издадена од МВР ___________________________.

Барам да ми се признае - продолжи право-то на детски додаток за дете-ца :

(со име аи презиме и година на раѓање)

Кон барањето ги приложувам следните докази:

1 Извод од матична книга за родените (матична служба – МВР) – за дете-ца;
2 Уверение или решение за државјанство (Управа на МВР) – за родителот и дете-ца;
3 Извод од матичната книга за венчаните, за разведени родители пресуда за развод на брак, а за починат родител извод од матична книга на умрените;
4 Лична карта на подносителот на барањето – фотокопија;
5 Потврда за редовен ученик – од соодветна образовна установа;
6 Решение за старателство од Центарот за социјална работа – за деца земени под старателство;
7 Решение, чек или потврда за остварен надомест од Биро за вработување;
8 Потврда за примања од работен однос, а за лицата вработени кај приватен работодавец и договор за работа;
9 Решение за пензија, чек или потврда од ФПИОМ;
10 Решение од ФПИОМ за корисник на странска пензија и потврда за висината (од банка, пошта или штедилница);
11 Решение, упатница за исплата или потврда од Центар за социјална работа -за корисници на постојана парична помош;
12 Решение, упатница за исплата или потврда за социјална парична помош од Центар за социјална работа;
13 Потврди (доказ) за остварени приходи од: земјоделска дејност, вршење самостојна дејност или професија и од имот и имотни права – од Управа за јавни приходи;
14 Судска регистрација (фотокопија на Прилог број 2) за основачи на трговско друштво или установа;
15 Доказ за сопственост на недвижен имот (деловен простор) – од Управа за јавни приходи;
16 Потврда за остварени приходи од привремена работа во странство (Ќрми и слично);
17 Потврда за делот од примањата што ги остваруваат за работа во странство деташирани работници (од Ќрма);
18 Потврда од Биро за вработување за невработени членови на семејството;
19 Судско решение и слично за доделена алиментација (суд);
20 Потврда за остварени приходи од дивиденди и камати од заштеди (банка, пошта, Ќрма);
21 Потврда (доказ) за остварени приходи или примања по друг основ;
22 Потврда (доказ) за бесплатно згрижување на дете во завод или установа.

Прилог: ________________________________________
(се наведуваат редните броеви на доказите, а во т..13 и се подвлекува соодветното)

**I. Податоци за поднесувачот**

1. Презиме, татково име и име ________________________________________
2. Матичен број
|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|
3. Место на раѓање
____________________
4. Место на живеење___________________ л.к.бр. _____________ тел. ____________
5. Припадност на заедница _________________________
6.Брачна состојба_____________________
7.Државјанство_______________________
8.Статус:
а) вработен-а во ______________________________________дел.__________
б) друг статус______________________________________________________

**II. Податоци за брачниот другар**

1. Презиме и име____________________________________________
2. Матичен број
|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|
3. Место на раѓање _____________________
4.Статус:
а) вработен-а во ______________________________________дел.__________
б) друг статус______________________________________________________




П Р И Р А Ч Н И К ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВА ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА И ДЕТСКАТА ЗАШТИТА

**III. Податоци за децата за кои се поднесува барањето**

| Ред. Бр. | Име и презиме | Матичен број | Сродство | Ден, месец и год. раѓ. | Место на раѓање | Занимање | Припадност на заедница |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | | | | |
| 2. | | | | | | | |
| 3. | | | | | | | |
| 4. | | | | | | | |
| 5. | | | | | | | |
| 6. | | | | | | | |
| 7. | | | | | | | |
| 8. | | | | | | | |

**IV. Податоци за останатите членови на семејството**

| Ред. Бр. | Име и презиме | Матичен број | Сродство | Ден, месец и год. раѓ. | Место на раѓање | Занимање | Припадност на заедница |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | | | | |
| 2. | | | | | | | |
| 3. | | | | | | | |
| 4. | | | | | | | |
| 5. | | | | | | | |
| 6. | | | | | | | |
| 7. | | | | | | | |
| 8. | | | | | | | |

**V. Податоци за приходи и имотна состојба на подносителот**

1. а) Поседувам во сопственост недвижен имот;
   б) Не поседувам во сопственост недвижен имот;

2. Вршам – не вршам самостојно дејност или професија

3. Остварувам – не остварувам приход од имот и имотни права (издавање под закуп на: стамбен простор, гаражи, простор за одмор и рекреација, опрема, превозни средства и издавање или земање под закуп на земјиште) како и приход од авторски права, патенти и други технички унапредувања, договори за дело, вештачење, повремени приходи и слично.

4. а) Сопственик сум на деловен простор
   б) Не сум сопственик на деловен простор

5. а) Основач сум на трговско друштво или установа
   б) Не сум основач на трговско друштво или установа

**VI. Податоци за приходи и примања и имотна состојба на останатите членови на семејството**

1. Брачниот другар или друг член на семејството поседува – не поседува во сопственост недвижен имот
2. Брачниот другар или друг член на семејството врши – не врши самостојно дејност или професија
3. Брачниот другар или друг член на семејството е – не е сопственик на деловен простор
4. Брачниот другар или друг член на семејството е – не е основач на трговско друштво или установа.
5. Брачниот другар или друг член на семејството остварува – не остварува приход од имот и имотни права (издавање под закуп на: стамбен простор, гаражи, простор за одмор и рекреација, опрема, превозни средства и издавање или земање под закуп на земјиште) како и приход од авторски права, патенти и други технички унапредувања, договори за дело, вештачење, повремени приходи и слично.

6. Брачниот другар или друг член на семејството остварува – не остварува приход од привремена работа во странство (плата, пензија, инвалиднина, додатоци и друго) и тоа во износ од ____________________ денари.

**НАПОМЕНА:** Сите барани податоци се пополнуваат јасно и читко а под V и VI и со со подвлекување.

(Пример: VI - 1 Брачниот другар или друг член на семејството поседува – не поседува во сопственост недвижен имот, се подвлекува или впоседуваг или вне поседуваг).

______________________200__ год.
(дата)

_______________________________

Поднесувач на барањето,

______________________________
(име, татково име и презиме)

Ослободено од плаќање наадминистративна такса по член 18 точка 22 од Законот за административни такси (Службен весник на Р.М. бр.17/93,24/03,4,о4,61/04)



ПРИРАЧНИК ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВА ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА И ДЕТСКАТА ЗАШТИТА

## VI.2. ПРАВО НА ПОСЕБЕН ДОДАТОК

### VI.2.1. Вовед

За дете со специфични потреби кое има пречки во телесниот или интелектуалниот развој или комбинирани пречки во развојот до 26 години живот се обезбедува посебен додаток како паричен надоместок.
Наод, оцена и мислење за потребата од остварување на посебен додаток дава стручен орган за оцена на специфичните потреби.

### VI.2.2 Опис на правото на посебен додаток

Родител или старател посебен додаток може да оствари за дете со специфични потреби кое има пречки во телесниот или интелектуалниот развој или комбинирани пречки во развојот до 26 години живот. Ова право се обезбедува како посебен додаток во вид на паричен надоместок.

### VI.2.3 Постапка и начин на остварување на правото и потребна документација

Право на посебен додаток има еден од родителите на детето со постојано место на живеење во Република Македонија, ако детето е државјанин на Република Македонија со постојано место на живеење во Република Македонија до навршени 26 години живот, доколку не е институционално згрижено на товар на државата. Дете со специфични потреби во смисла нај законот за заштита на децата е дете кое е: со тешки, потешки или најтешки пречки во физичкиот развој; со умерен, тежок или длабок ментален хендикеп; со најтешки облици на хронични заболувања;најтежок степен на оштетување на видот, слухот или говорот и со повеќе видови на пречки (комбинирани) во развојот. Кон барањето родителот или старателот на детето е должен да достави: Извод од матична книга на родените на детето,уверение за државјанство на детето, наод и мислење за видот и степенот на попреченоста во физичкиот или психичкиот развој и специфичните потреби на детето, решение за категоризација од центарот за социјална работа, потврда од центарот за социјална работа дека детето не е институционално згрижено на товар на државата и лична карта на поднесувачот на барањето (фотокопија).

### VI.2.4. Висина на правото

Висината на **посебниот додаток** изнесува 4346 денари усогласени со пораст на трошоците на живот за претходната година објавени од Државниот завод за статистика во јануари за тековната година.

### VI.2.5. Рокови и престанок на правото

**Рокови**

Правото се остварува до наполнување 26 години живот за дете со специфични потреби кое има пречки во телесниот или интелектуалниот развој или комбинирани пречки во развојот .
Барањето се остварува преку Центарот за социјална работа кој е должен во рок од 60 дена да донесе решение по барањето доставено со комплетна документација каде родителот или старателот има живеалиште.



**Престанок на правото**



Правото престанува со решение на центарот за социјална работа по наврвшување 26 години живот на детето со настапување на смрт или ако детето институционално се згрижи во установа на терет на државата.

**Постапка по жалба**
**Види точка VI.1.6 страна 60**
**Види пример:**
**1.А - жалба на решение страна 31**
**1.Б - тужба до управен суд страна 32**
**Види пример образец 7-Б- барање за** остварување право на посебен додаток, на наредна страница

**ДО**
**ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА**
**СОЦИЈАЛНА РАБОТА - ___________**

**Б А Р А Њ Е**

за остварување - продолжување на право на посебен додаток

**Од** _______________________________________________ **со стан на**

**ул.**____________________ **бр.**______ **ЕМБГ** | | | | | | | | | | | | | |

**л.к.бр.**___________________ **издадена од МВР**_________________________

.

Припадност на заедница________________________

Тел.__________

Барам да ми се признае - продолжи право-то на посебен додаток за дете-ца :

1.______________________________________

родено_________________ год.во_____________

2.______________________________________

родено_________________ год.во_____________

Кон барањето приложувам:

а) Извод од матична книга на родените на детето;
б) Уверение за државјанство на детето;
в) Наод и мислење за видот и степенот на попреченоста во ѓзичкиот или психичкиот развој и специЌчните потреби на детето:
г) Решение за категоризација од Центарот за социјална работа:
д) Потврда од Центарот за социјална работа дека детето не е институционално згрижено на товар на државата; и
ѓ) Лична карта на подносувачот на барањето (фотокопија).

ПОДНЕСУВАЧ НА БАРАЊЕ,

_____________200__ година ____________________________

(датум) (име,татково име и презиме)

Ослободено од плаќање на административна такса по член 18 точка 22 од Законот за административни такси (Службен весник на Р.М. бр.17/93,20/96, 7/98, 13/01, 24/03/19/04 и 61/04))





## VI.3.1. Вовед

Помошта за опрема за новороденче е еднократна помош на семејството и се обезбедува на **прво** новородено дете како паричен надоместок

## VI.3.2. Опис на правото помош за опрема на новороденче

Право на користење на помош за опрема на новороденче има еден од родителите, државјанин на Република Македонија со постојано место на живеење во Република Македонија за дете родено на територијата на РепубликаМакедонија.

## VI.3.3. Постапка и начин на остварување на правото и потребна документација

Постапката за остварување на правото помош за опрема на новороденче како право од областа за заштита на деца се поведува по барање на родителот, односно старателот на детето .Правото се остварува еднократно врз основа на приходите врз основа на кои се утврдува висината на износот на помошта за опрема на новороденче. Како приходи се сметаат приходите остварени по сите основи на целото семејство од членот 21 од Законот за заштита на децата.

Кон барањето се доставува и лична карта од мајката (фотокопија) со оригинал на увид, мајчина книшка на увид за мајката или потврда од лекар специјалист за редот на раѓање на детето, а за посвоено дете доказ од центарот за социјална работа за ред на посвојување на детето, извод од матична книга на родени за детето,доказ за државјанство на барателот, лична карта од таткото (фотокопија) со оригинал на увид (во случај кога мајката не е државјанин на Република Македонија, а склучила брак со државјанин на Република Македонија)

По исключок од ова како приходи на семејството не се сметаат: детски додаток, посебен додаток, паричен надоместок за телесно оштетување, паричен надоместок за трошоците за згрижено дете во дом-семејство, паричен надоместок за помош и нега од друго лице и помош во случај на елементарни непогоди. По барањето за остварување на правото помош за опрема на новороденче решава центарот за социјална работа, надлежен за подрачјето на кое подносителот на барањето има живеаште .

Барањето за остварување на правото за помош за опрема на новороденче се поднесува во местото во кое мајката има постојано место на живеење. Остварувањето на едно од правата за заштита на децата, не го исклучува користењето на друго право согласно со Законот за заштита на децата.

## VI.3.4.Висина на правото

Висината на помошта за опрема на новороденче изнесува 4829 денари (еднократна) и се усогласува со пораст на трошоците на живот за претходната година објавени од Државниот завод за статистика во јануари за тековната година.

## VI.3.5.Рокови и престанок на правото

**Рокови**

Во постапка за остварување право на еднократна парична помош за новороденче, центарот е должен да донесе решение во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето со потребната документација.

По истекот на овој рок подносителот на барањето во рок од 5 дена има право да поднесе барање за донесување решение до директорот на центарот. Директорот на центарот е должен во рок од 5 дена од приемот на барањето да донесе решение со кое барањето ќе го уважи.
За еднократна парична помош за новороденче решава центарот надлежен за подрачјето на кое мајката има постојано место на живеење.

**Престанок на правото**
Правото за остварување еднократна парична помош за првородено дете престанува со денот на исплатата на средствата, а со оглед на тоа што истото е еднократно право.

**Постапка по жалба**
**Види точка VI.1.6 страна 60**
**Види пример:**
**1.А - жалба на решение страна 31**
**1.Б - тужба до управен суд страна 32**

**Види пример образец 7-В- барање за** остварување право на еднократна парична помош за новороденче на наредна страница



**Образец 7-В**



**ДО**
**ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА**______________________________________

***Б А Р А Њ Е***
***за остварување на право на еднократна парична помош за новороденче***

Од ______________________________________________

__________ со стан на ул.______________________________

__бр.___ ЕМБГ |_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|

Населено место /Општина
__________________________л.к.бр._________________
издадена од МВР__________________________.

Барам да ми се признае право на еднократна парична помош за новороденче за детето-цата
_____________________________________________________________
________
(име, татково име и презиме)

______________________________________________родено-и
(име, татково име и презиме)

на ден ____________________________________________________20__
година во ___________________и е/се _____________________ дете.
/првородено /првопосвоено /

Кон барањето приложувам:

1. лична карта од мајката (фотокопија) со оригинал на увид;
2. мајчина книшка на увид за мајката или потврда од лекар специјалист за редот на раѓање на детето, а за посвоено дете доказ од центарот за социјална работа за ред на посвојување на детето;
3. извод од матична книга на родени за детето;
4. доказ за државјанство на барателот;
5. лична карта од таткото (фотокопија) со оригинал на увид ( во случај кога мајката не е државјанин на Република Македонија, а склучила брак со државјанин на Република Македонија)

П Р И Р А Ч Н И К ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВА ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА И ДЕТСКАТА ЗАШТИТА

**I.Податоци за мајката**

| _______________ (Презиме, татково име и име) | **ПРИП.НА ЗАЕДНИЦА** | **ШКОЛСКА ПОДГОТОВКА** | **СТАТУС** |
|---|---|---|---|
| Адреса_______________ улица и број<br>ОПШТИНА | 1.Македонска<br>2.Албанска<br>3.Турска<br>4.Српска<br>5.Ромска<br>6.Влашка<br>7.Бошњачка<br>8.Останати | 1.Без образование<br>2.Основно образ.<br>3.КВ<br>4.ССС<br>5.ВКВ<br>6.Виша<br>7.Висока | 1.Вработена<br>2.Невработена |
| Раѓањето настанало на: _______________ | ЕМБГ НА МАЈКАТА_______________<br>Л.К. Бр._______________<br>ДРЖВЈАНСТВО_______________ | | |

**II. Податоци за сите членови на семејството**

| Ред. Бр. | Име и презиме | Матичен број | Сродство | Ден, месец и год. раѓ. | Место на раѓање | Занимање | Припадност на заедница |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | | | | |
| 2. | | | | | | | |
| 3. | | | | | | | |
| 4. | | | | | | | |
| 5. | | | | | | | |
| 6. | | | | | | | |
| 7. | | | | | | | |
| 8. | | | | | | | |

ИЗЈАВА

Јас _______________________________________, под кривична и материјална одговорност изјавувам дека наведените податоци во барањето се точни.

Дата _______________

**ПОДНЕСУВАЧ НА БАРАЊЕ**

_______________

_______________________________

Ослободено од плаќање на административна такса по член 18 точка 22 од

Законот за административни такси (Службен весник на Р.М. бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03,19/о4,61/04,95/05,70/06,92/07,88/08 и 130/08)



## VI.4. РОДИТЕЛСКИ ДОДАТОК ЗА ТРЕТО ДЕТЕ



### VI.4.1. Вовед

Правото на родителски додаток за дете го остварува мајката за своето **трето** живородено дете која е државјанин на Република Македонија со постојано место на живеење во Република Македонија во последните три години пред поднесување на барањето.

### VI.4.2. Опис на правото Родителски додаток за трето дете

Родителски додаток за дете остварува мајка за своето трето живо родено дете.
Во случај мајката да роди повеќе деца одеднаш (близнаци, тројка и повеќе) ќе остварува родителски додаток во висина и за период утврдени од десет години. Правото на родителски додаток за трето дете се остварува од 01.01.2009 година.

### VI.4.3. Постапка и начин на остварување на правото и потребна документација

Барањето за остварување на правото на родителски додаток за дете со потребната документација се поднесува до надлежниот центар за социјална работа, најдоцна до наполнети **три** месеци живот на детето и правото на родителски додаток за дете се остварува од месецот во кој настанало раѓањето на детето.
Редоследот на раѓањата на децата кај правото на родителски додаток за дете се утврдува спрема бројот на живи деца на мајката утврдени во однос на денот на поднесување на барањето за остварување на правото на родителски додаток за дете, спрема датата и часот на раѓањата запишани во матичната книга на родените.Кон барањето мајката приложува и:лична карта од мајката (фотокопија) со оригинал на увид,а за мајките со нови лични карти и доказ за постојано место на живеење со временски период на живеење во општината, издаден од Министерство за внатрешни работи; доказ за државјанство на мајката; извод од матичната книга на родени за детето; изјава од мајката како поднесувач на барањето дека не живее и не работи во странство; извод односно изводи од матичната книга на родени за детето односно децата по ред на раѓање од страна на мајката и изјава од мајката за редоследот на раѓања на децата, спрема датумот и часот на раѓањата, запишани во изводот од матичната книга на родени на детето; доказ дека децата од претходниот ред на раѓање не се сместени во установа за социјална заштита, згрижувачко семејство или не се дадени на посвојување, издаден од центарот за социјална работа; доказ дека не и е одземено родителското право на мајката над децата по ред на раѓање, издаден од центарот за социјална работа; доказ за мајката за извршени задолжителни здравствени прегледи и контроли на мајката за време на бременоста, издаден од соодветна здравствена установа или здравствена легитимација на увид; доказ за вршење на задолжителните вакцинации на детето, издаден од соодветна здравствена установа за второ, трето и четврвто дете по ред на раѓање, родено од 1 јануари 2009 година; потврда дека детето е запишано и редовно ја следи наставата во основно односно во средно училиште, издадена од установата во која е запишано - за трето и четврто дете по ред на раѓање, родено од 1 јануари 2009 година;потврда за вонредно продолжување на образованието, издадена од образовната установа во која е запишано - за дете кое поради болест или повреда е спречено редовно да ја посетува наставата; потврда за дете дека поради видот и степенот на попреченост не може да се образува, издадена од соодветна здравствена установа.

### VI.4.4. Висина на правото

Родителскиот додаток за трето дете се исплатува месечно, за период од десет години, во висина од 8.048 денари.
Износот се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

### VI.4.5.Рокови и престанок на правото

**Рокови**

Барањето за остварување на правото за родителски додаток за трето дете се поднесува до Центарот за социјална работа до наполнети **три** месеци живот на детето.
Барањето за продолжување на правото родителски додаток за дете за наредната година се поднесува до 31 март во таа година.
Барањето за продолжување на правото родителски додаток за дете поднесено после рокот утврден во законот ќе се смета како ново барање и барателот ќе се стекне со продолжување, односно користење на правото првиот ден на наредниот месец од месецот во кој е поднесено барањето за продолжување на правото.

**Престанок на правото**

Барањето за остварување на правото родителски додаток за дете поднесено после рокот од три месеци од денот на раѓањето на детето не може да се оствари.

**Види пример: VI. 1.6. Постапка по жалба страна 60**
**Види пример: 1.А - жалба на решение страна 31**
**1.Б - тужба до управен суд страна 32**
**Види пример образец 7-Г- барање за** остварување право на родителски додаток за дете и **Образец- 7- Г-1 Изјава на наредна страница**





**Образец-7- Г**

**ДО**
**ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА**_____________________________________

**Б А Р А Њ Е**

за остварување – продолжување на право на родителски додаток за дете

*Од* ________________________________ *со стан на ул.* __________________ *бр.*________

(име и презиме на мајката)

во ______________________________ л.к.бр:. _______ издадена од МВР____ ______________________. (населено место/општина)

Барам да ми се признае - продолжи право-то на родителски додаток за дете-ца :

_________________________________________________________________
______________

(со име и презиме и година на раѓање на второ дете)

_________________________________________________________________
______________

(со име и презиме и година на раѓање на трето дете)

_________________________________________________________________
_________________________________________________________________

(со име и презиме и година на раѓање на четврто дете)

*Кон **барањето за остварување на правото** ги приложувам следните докази***:**

1. лична карта од мајката (фотокопија) со оригинал на увид, а за мајките со нови лични карти и доказ за постојано место на живеење со временски период на живеење во општината, издаден од Министерство за внатрешни работи;
2. доказ за државјанство на мајката;
3. извод од матичната книга на родени за детето;
4. изјава од мајката како поднесувач на барањето дека не живее и не работи во странство;
5. извод односно изводи од матичната книга на родени за детето односно децата од претходниот ред на раѓање на мајката и изјава од мајката за редоследот на раѓања на децата, спрема датумот и часот на раѓањата, запишани во изводот од матичната книга на родени на детето;
6. доказ дека децата од претходниот ред на раѓање не се сместени во установа за социјална заштита, згрижувачко семејство или не се дадени на посвојување, издаден од центарот за социјална работа;

7. доказ дека не и е одземено родителското право на мајката над децата од претходниот ред на раѓање, издаден од центарот за социјална работа;
8. доказ за мајката за извршени задолжителни здравствени прегледи и контроли на мајката за време на бременоста, издаден од соодветна здравствена установа или здравствена легитимација на увид;
9. доказ за вршење на задолжителните вакцинации на детето, издаден од соодветна здравствена установа за второ, трето и четврвто дете по ред на раѓање, родено од 1 јануари 2009 година;
10. потврда дека детето е запишано и редовно ја следи наставата во основно односно во средно училиште, издадена од установата во која е запишано - за трето и четврто дете по ред на раѓање, родено од 1 јануари 2009 година;
11. потврда за вонредно продолжување на образованието, издадена од образовната установа во која е запишано - за дете кое поради болест или повреда е спречено редовно да ја посетува наставата;
12. потврда за дете дека поради видот и степенот на попреченост не може да се образува, издадена од соодветна здравствена установа.

Кон **барањето за продолжување на правото** приложувам фотокопија на лична карта со оригинал на увид и ги приложувам и доказите под реден број: 4, 6, 9, 10, 11 и 12 од барањето за остварување на правото.

Доказите под реден број 10, 11 и 12 се поднесуваат од започнување на школувањето на детето согласно со закон.

Прилог: ___________________________________________

(се наведуваат редните броеви на доказите,, а кај продолжувањето на правото и со потцртување)

**II. Податоци за мајката**

1. Презиме, татково име и име __________________________________
2. Матичен број
|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|
3. Место на раѓање
_____________________
4. Место на живеење____________________/општина___________ л.к.бр. ______________ тел. _____________
5. Припадност на заедница __________________________
6.Брачна состојба______________________
7.Државјанство________________________
8.Статус:
а) вработена во _______________________________тел.__________
б) друг статус________________________________________________
9. Степен на образование ___________________________________





**II. Податоци за брачниот другар**

1. Презиме и име_____________________________________________
2. Матичен број
|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|
3. Место на раѓање ______________________
4. Место на живеење____________________ л.к.бр. _____________ тел. _____________
5. Припадност на заедница __________________________
6.Државјанство________________________
7.Статус:
а) вработен во __________________________________тел.__________
б) друг статус__________________________________________
8. Степен на образование _________________________________

**III. Податоци за децата по ред на раѓање**

| Ред. Бр. | Име и презиме | Матичен број | Ден, месец и год. раѓ. | Место на раѓање | Место на живеење | Занимање | Припадност на заедница |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | | | | |
| 2. | | | | | | | |
| 3. | | | | | | | |
| 4. | | | | | | | |
| 5. | | | | | | | |
| 6. | | | | | | | |
| 7. | | | | | | | |
| 8. | | | | | | | |

**IV. Податоци за децата за кои се поднесува барањето**

| Ред. Бр. | Име и презиме | Матичен број | Ден, месец и год. раѓ. | Место на раѓање | Место на живеење | Занимање | Припадност на заедница |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | | | | |
| 2. | | | | | | | |
| 3. | | | | | | | |
| 4. | | | | | | | |
| 5. | | | | | | | |
| 6. | | | | | | | |
| 7. | | | | | | | |
| 8. | | | | | | | |

**V. Податоци за вршени задолжителни вакцинирања:**

На второ дете ___________________________________________________
_____________________________________________________________

На трето дете ___________________________________________________
_____________________________________________________________

На четврто дете ____________________________________________________
____________________________________________________________________

(се внесуваат податоците за вршени, односно примени вакцини)

**VI . Податоци за вршени задолжителни здравствени прегледи и контроли на мајката во текот на бременоста**

Мајката ___________________________________________ ги има/нема вршено задолжителните здравствени прегледи и контроли во текот на бременоста.

ИЗЈАВА

Јас ________________________________________________, под кривична и материјална одговорност изјавувам дека наведените податоци во барањето се точни.

________________________200__ год.
(дата)
__________________________________

Поднесувач на барањето,

__________________
(име, татково име и презиме)

Ослободено од плаќање на административна такса по член 18 точка 22 од Законот за административни такси (Службен весник на Р.М. бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03,19/о4,61/04,95/05,70/06,92/07,88/08 и 130/08)



**Образец- 7-Г-1**

**ДО**

**ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА______________________________________**

**ИЗЈАВА**

Од ___________________________________ со ЕМБГ
I_I_I_I_I_I_I_I_I_I_I_I_I_I
со стан на ул.____________________________ општина
___________________
со лична карта бр._____________ издадена на _________________ година од МВР
__________________, под кривична, морална и материјална одговорност изјавувам пред Центарот за социјална работа ______________________ на ______________ год.
дека:

1. дека во моментот на поднесување на барањето не живеам и не работам во странство
2. податоците внесени во барањето се точни
3. се согласувам, податоците внесени во барањето со доказите да бидат проверувани од страна на овластени лица на центарот за социјална работа.

Секоја промена на фактите или околностите кои биле основа за признавање на правото на родителски додаток за дете, најдоцна во рок од 15 дена од денот кога настанале тие промени (промена на постојано место на живеење-општина, промени во семејната состојба, и други промени) се обврзувам да ги пријавам и ќе ги сносам последиците од непријавување.

Изјавил,

Службено лице,

Поднесувач на барањето
________________________
(име, татково име и презиме)


ПРИРАЧНИК ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВА ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА И ДЕТСКАТА ЗАШТИТА

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

# VII. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Прирачникот пред се содржи информации за правата кои се загарантирани и утврдени во Законот за социјална заштита и Законот за заштита на децата, како подзаконски акти во кој е пропишана постапката за остварување на конкретното право и документацијата која барателите треба да ја достават до надлежниот Центар за социјална работа за да можат да го остварат правото кое им е загарнтирано во Уставот и Законите на Република Македонија.
Подготвувачите на Прирачникот при неговото подготвување се водеа од личните искуства стекнати во долгогодишната работа во областа на социјалната и детската заштита , компетенциите кои ги имаат во министерството за труд и социјална политика во секојдневното извршување на работните задачи , насоките од Доналд Бисон, Правен консултант на ОБСЕ, како и од потребите на вработените во РИЦ –овите кои ги искажаа на обуката организирана од страна на ОБСЕ во Струмица .
Прирачникот дава опис на правата од социјалната и детската заштита во задолжителните законски рамки и има за цел да помогне за еднаква достапност до правата и пристап до инстуциите од страна на сите граѓани во Република Македонија, меѓу кои се и граѓаните од Ромската заедница. Подготвувачите на прирачникот посебно внимание посветија на потребите искажани од вработените во РИЦ-овите за опис на правата ,потребната документација, роковите за остварување на правата, престанок на правото и правна заштита , обрасците и примерите за правни поднесоци. Тука посебно се раководевме од лични искуства во работењето на РИЦ-овите и примерите и проблемите кои ги посочија во остварувањето на правата на Ромската заедница од областа на социјалната и детската заштита, пред се почитувајќи ги нивните напори иако немаат високо образование од правната област да ги запазат и почитуваат роковите и формите на правните поднесоци во остварувањето и заштитата на правата на граѓаните од Ромска заедница .
Прирачникот пред се е водич за вработените во РИЦ-те како да препознаат за кое право граѓанинот треба да аплицира, да помогнат наједноставно и правилно да се пополни потребното барање , да укажат која е потребната документација која треба да ја приложи граѓанинот заедно со барањето за да оствари некое право од областа на социјалната и детската заштита. За таа цел во прирачникот секое право е опишано во едно поглавје и е даден образецот за остварување на конкретното право и е даден едноставен пример за жалба и тужба како форма која може лесно да се прилагоди на правото за која се поднесува.
Напоменуваме дека во делот II. кој носи наслов „Законска рамка„. од прирачникот посочени се сите барања со пропишани обрасци и потребна документација во подзаконските акти (Правилници) со полн назив и бројот на Службениот весник во кој се објавени . Исто така дадени се примери за поднесоци, жалби и друга правна документација која во определен конкретен случај би можела да се искористи со лесно прилагодување на текстот. Сметаме дека треба да нагласиме дека сите пропишани барања за остварување на било кое право од областа на социјалната и детската заштита можат да се подигнат во Центарот за социјална работа на порачјето на кое живее корисникот.
Изготвувачите на Прирачникот и ОБСЕ се договорија во Прирачникот да посветат внимание на поимот дискриминацијата во остварување на права од областа на социјалната заштита со посебен осврт на дискриминацијата како што е утврдена во Законот за социјалната заштита. Сметавме дека на корисниците на Прирачникот треба да им дадеме основни сознанија за поимот на дискриминацијата и го искористивме законски утврдениот поим „ дискриминација„ како и поими со основни елементи на препознавање на „директна„ и „индиректна дискриминација„ во остварување на правата од социјалната заштита.
Исто така , ги нагласивме правните термини на документи кои се поднесуваат кога граѓанинот е уверен дека постои директна или индиректна дискриминација. Во прилозите најдоа место и една вистинска иницијатива за дискриминација по основ на пол доставена до МТСП – до застапникот за дискриминација по основ „ пол„ и една вистинска претставка доставена до Комисијата за заштита од дискриминација по основ „возраст„.
Прирачникот е подготвен и ги содржи документите и барањата кои се правно валидни и се во важност до денот на подговување на истиот. Со оглед на тоа што областа е доста динамична и подлежи на постојано усогласување со политиките на Владата на Република Македонија од областа на социјалната и детската заштита , посебно од аспект на правата даваме препорака вработените во РИЦ преку WEB страната на министерството www.mtsp.gov.mk да се информираат за измените во законите и под законските акти.
За полесна комуникација со Центрите за социјална работа дадена е листа на контакти со телефонски броеви на стручните работници која ќе им користи на вработените во РИЦ-овите за остварување директни контакти при ситуации кои сами не ќе мижат да ги разрешат.




ПРИРАЧНИК ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВА ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА И ДЕТСКАТА ЗАШТИТА

# VIII. МЦСР- Контакти

## ЈУ ЦЕНТРИ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И МТСП

| Центар за соц.работа | Телефон |
|---|---|
| УМСЦР БЕРОВО | **033/ 470-641, 471-072** |
| УМСЦР БИТОЛА | **047/ 231-651, 203-425, 231-657** |
| УМСЦР БРОД.МАКЕДОНСКИ | **045/ 274-137, 274- 138** |
| УМСЦР ВАЛАНДОВО | **034/ 382-008, 382- 670** |
| УМСЦР ВИНИЦА | **033/ 361-305, 360- 305** |
| УМСЦР ЃЕВГЕЛИЈА | **034/ 211- 955, 213-797** |
| УМСЦР ГОСТИВАР | **042/ 217-645, 213-431** |
| УМСЦР ДЕБАР | **046/ 833-323, 831-400** |
| УМСЦР ДЕЛЧЕВО | **033/ 411-736, 410-300** |
| УМСЦР ДЕМИР ХИСАР | **047/ 276-751** |
| УМСЦР КАВАДАРЦИ | **043/ 414-456** |
| УМСЦР КИЧЕВО | **045/ 220-661, 225-326** |
| УМСЦР КОЧАНИ | **033/ 274-139, 274-141** |
| УМСЦР КРАТОВО | **031/ 481-228** |
| УМСЦР КР.ПАЛАНКА | **031/ 372-245, 375-200** |
| УМСЦР КРУШЕВО | **048/ 477-739, 476-466** |
| УМСЦР КУМАНОВО | **031/ 438-160, 438-170, 446-316** |
| УМСЦР НЕГОТИНО | **043/ 361-488, 363-788** |
| УМСЦР ОХРИД | **046/ 260-708, 260-707** |
| УМСЦР ПРИЛЕП | **048/ 424-595, 421-702** |
| УМСЦР ПРОБИШТИП | **032/ 483-127** |
| УМСЦР РАДОВИШ | **032/ 431-065, 635-601** |
| УМСЦР РЕСЕН | **047/ 452-552, 451-419, 451-775** |
| УМСЦР СВ.НИКОЛЕ | **032/ 443-305, 444-456** |
| УМСЦР СКОПЈЕ | **02/ 297-700, 297-703** |
| УМСЦР СТРУГА | **046/ 786- 976, 783-401** |
| УМСЦР СТРУМИЦА | **034/ 344-077, 325-401, 324-377** |
| УМСЦР ТЕТОВО | **044/ 331-575, 339-060** |
| УМСЦР ВЕЛЕС | **043/ 231-355** |
| УМСЦР ШТИП | **032/ 391-779, 385-031** |
| У Завод за соц. Дејности - СКОПЈЕ | **02/ 165- 943, 230-401** |

МТСП- Сектор за социјална инспекција 02 3114460 или 02 3114190
МТСП - Сектор за правни нормативни општи и заеднички работи 02 3106221